Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“



Врсничкото насилство во средношколската популација

(Магистерски труд)

Ментор

Проф. д-р Кети Несторoска Шапкароска

Кандидат

Милка Кевереска

Октомври, 2019

СОДРЖИНА

Предговор 4

Foreword 6

Вовед 8

ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ 9

1. Теории на агресивноста 9

2. Дефинирање на основните поими (агресија, агресивност, насилство,) 15

2.1 Дефинирање на агресијата 15

2.2 Агресивноста како иницијален импулс на врсничкото насилството (дефинирање) 16

2.3 Насилство 18

3. Врсничко насилство како негативен социо-психолошки феномен 20

3.1 Дефинирање на врсничкото насилство 20

4. Врсничкото насилство во национални и интернационални рамки 24

4.1 Врсничко насилство-истражувачки контекст 24

4.2 Врсничкот насилство во РС Македонија (состојби, дилеми, проблеми) 26

5. Фактори за појава и развој на врсничкото насиство 30

5.1 Семејството и врсничкото насилство 31

5.2 Училиштето како фактор за појава на врсничко насилство 33

5.3 Индивидуалните особини и карактеристики како фактор за појавата на врсничко насилство 35

5.4 Улогата на врсниците врз појавата на врсничкто насилство 37

6. Категоризација на учесниците на врсничкото насилство 38

6.1 Карактеристики на насилниците 38

6.2 Карактеристики на жртвите во врсничкото насилство 39

6.3 Други учесници во врсничкото насилство 41

7. Препознавање на лицата кои се жртва на врсничко насилство 43

8. Поделба на облиците на врсничкото насилство 45

9. Последици од врничкото насилство 47

10. Превенција на врничкото насилство 49

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 50

1. Појава на истражување 50

2. Проблем на истражување 50

3. Вид на истражување 50

4. Истражувачка парадигма 51
5. Истражувачки дизајн 51
6. Варијабли во истражувањето 51
7. Хипотези на истражувањето 52
8. Методи, постапки и инструменти на истражување 53
9. Етика во истражувањето 54
10. Обработка на податоците во истражувањето 54
Приказ и интерпретација на резултатите 56
1. Модел на психолошки интервенции во врсничкото насилство 77
1.2 Потреби од реализација на проектот- обуката 77
2. Фази во реализација на обуката 79
3. Програми за превенција на врсничкото насилство 79
Заклучок 82
Литература 85
ПРИЛОЗИ 87

Предговор

Милиони деца секојдневно трпат насилство можеби меѓу нив се и нашите деца…

Една од најзабележителните и најфрекфентните појави во современиот свет е насилството кое се манифестира низ најразлични облици. Како негови најчести манифестни продукти се агресивното и деструктивното однесување на поединци и групи во процесот на комуникативните односи. Поради тоа степенот на одговорност се подига на повисоко ниво кај секој од нас со цел да се унапредат комуникациските релации на сите нивоа во секојдневниот и професионалниот живот.

Резултатот за таквото однесување во светски рамки се должи на влијанието на глобалните макро случувања кои директно се рефлектираат во нашиот институционален училишен амбиент. Од тие причини, сè позачестените агресивни и насилни сцени и облици на однесување на младите кои имаат латентен или манифестен карактер во училишниот и надвор од него амбиент сигнализираат ургентност за преземање на систем на законско-нормативни, педагошки, психолошки, организациски, кадровски и други итни интервентни мерки. Овие ургентни сигнални кодови ги алармираат надлежните и релевантните институции, организации и поединци што побрзо да ги декодираат нивните суштински пораки и да преземат соодветни мерки за зачувување и унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците. Основниот проблем кој се обработува во трудот е врсничкото насилство во средните училишта како негативна социо-психолошка појава. Основна цел на овој магистерски труд е да се идентификуваат клучните фактори кои го стимулираат агресивното однесување на младите кое се забележува преку една препознатлива форма, а тоа е врсничкото насилство. Во фокусот на овој труд е идентификацијата на мислењето на младите во средношколската популација за различни проблеми и аспекти кои се однесуваат на појавата и ширењето на врсничкото насилство помеѓу младите. Веруваме дека оргиналните и објективните искази на младите ќе имаат значаен придонес во борбата за превенција на врсничкото насилство кое е сè поприсутно во училишниот и надвор од него амбиент. Значењето на проучување на врничкото насилство, пред сè, произлегува од неговите психолошки импликации и рефлексии кои ги има врз младата личност во нејзиниот актуелен или иден развој. Често ненадоместливата

штета врз психичкиот живот и состојба на младите се најприоритетните цели што ги има овој труд.

Не треба да се заборави дека проучувањето на овој проблем е исклучително тешко и неизвесно од различни причини меѓу кои се законските, педагошките, организациските, финансиските и други проблеми и потешкотии. Но, една група проблеми кои го отежнуваат неговото поцелосно расветлување се причините што имаат психолошки карактер кои честопати ја маскираат демистификацијата на овој феномен.

Од тие причини овој труд нуди променет осовремен педагошко-психолошки стил кој не се базира само на ***внимание кон нештата (случувањата), изразено во денови, месеци и декади, туку внимание кон нештата (случувањата), во мигови како делови од нашето секојдневие***. Со тоа се отвара можност за реализација на систем од организирани мерки, постапки и активности кои ќе ги реализираат соодветните институции (пример, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и други) кои не треба да имаа свој дисконтинуитет. Овој труд, односно неговите резултати, ќе отворат можности и современи перспективни мерки кои нема да се засноваат на доминантна класична репресивност кон насилството, туку има свое основно мото: „Превенција на насилството со ненасилство”**,** што ја отсликува неговата атипична, а сепак реална визија за негова реализација. Овој труд, всушност, е насочен да ги пронајде суштинските мотивациски механизми кои ја динамизираат личноста на насилно однесување и врз основа на тоа да се креираат ненасилни одговори кои ќе ги релаксираат динамичките односи. Со идентификација на релевантните фактори кои придонесуваат да се појави врсничкото насилство со неговите најразлични манифестациони форми ќе се настојува да се предложи модел на превенција на врсничкото насилство. Моделот ќе содржи операционализирани мерки и постапки кои ќе придонесат за одредена превенција на оваа негативна појава во која се загрозени, пред сè, младите во училиштето и надвор од него. Во исто време ќе се предложи овој предлог модел да најде практична примена во училишните средини со негова адаптација според постојните услови.

Foreword

Millions of children suffer from violence every day, and our children are among them.

If humanity, especially in the last decades, has what to do with aggression, violence, destruction, intolerance, hatred and other forms of the quality of interpersonal communication relations. From this, the human being in micro and micro-contextual relations is faced with an escalation of brutal forms in which the rule of dominance of the poisoning operation prevails. These physical and mental patterns of attitudes are influenced by the global macro-contextual impact and are directly reflected in our institutional learning environment. From this, the aggressive and violent scenes and forms of behavior of young people who have a latent or manifest character in the classroom and outside of the ambient signal the urgency to take over the system of legal and numismatic, pedagogical, psychological, organizational, personnel and other interventions measures. These urgent signal codes alert the relevant institutions, organizations and individuals to rapidly decode their essential messages and take appropriate measures to preserve and improve the physical and mental health of students. The main problem that is being processed is the peer violence in secondary schools as a negative socio-psychological phenomenon. The main goal of this master's thesis is to identify the key factors that stimulate the aggressive behavior of young people that is recorded through a recognizable form, which is the peer violence. In the focus of this effort, the identification of the thinking of young people in the middle-aged population for various problems and aspects that relate to the emergence and spread of peer violence. We believe that the original and objective statements of the minors will make a significant contribution to the prevention of the peer violence that is populated in the school and outside of the ambience. Significant of the study of the return of violence is primarily due to its psychological implications and reflections on the young person in its current or future development. Often, the irreparable harm to the psychological life or the state of the young is the most important goals that this effort has.

It should not be forgotten that the study of this problem is extremely difficult and uncertain of the various reasons, including legal, pedagogical, organizational, financial and other problems and difficulties. However, a group of problems that make it difficult for him to make his foreground illumination are the ones that have a psychological character that often masks the demystification of this phenomenon.

From this reason, this effort offers a change to a contemporary pedagogical-psychological discourse that is not based on an appreciation of the nerve expressed in days, months and decades but in migration as parts of our daily lives. This opens the possibility for realization of a system of organized measures, procedures and activities that will be implemented by the relevant institutions (Ministry of Education and Science, Ministry of Labor and Social Policy and others) that do not have their discontinuity. This effort, ie its results, will open up possibilities and contemporary perceptive measures that will not be based on dominant classical repressiveness, but it has its basic motto: Prevention of violence with nonviolence, which depicts its atypical, yet realistic vision for its realization. This effort of inspiration is to find the essential motivational mechanisms that dynamize the personality of violent behavior and on the basis of creating non-violent responses that will relax the dynamic relationships.

With the identification of the relevant factors that contribute to the emergence of peer violence with its various manifestation forms, it will seek to propose a model for the prevention of peer violence. The model will include operationalized measures and procedures that will contribute to a certain prevention of this negative phenomenon that is threatened by young people in and out of school. At the same time, this proposal model will be proposed to find practical application in the teaching environment with its adaptation according to the current conditions.

Вовед

Слободно може да се каже дека ако човештвото има со што да се „пофали", особено во последните децении тоа се агресивноста, насилството, деструкцијата, нетолеранцијата, омразата и други облици во сферата на квалитетот на интерперсоналните комуникациски односи. Човештвото во макро и микро контекстуалните односи се соочува со ескалација на брутални облици во кои владее правилото на доминација на посилниот врз послабиот. Од тие причини насилството, односно неговата превенција, се поставуваат високо на агендата на национални приоритети на кои експерти од најразлични области работат за проучување на факторите за нивна појава и развој, како и за градење на ефикасни модели на превенција на врсничкото насилство. Токму затоа, основен проблем кој се обработува во трудот е врсничкото насилство кое најдоминантно се рефлектира во училишниот амбиент. Важноста и значајноста на темата може да се забележи од неколку нејзини компоненти: зачестени облици на врсничко насилство и длабоки психолошки последици кои тоа ги остава врз жртвата; стигматизацијата на овој феномен; односот на општеството, институциите и поединецот кон врсничко насилство; начините на нивната превенција и друго. Контраверзноста на појавата на врсничкото насилство можеме да ја забележиме најмногу поради тоа што не постои доволна „храброст" од засегнатите, посебно од жртвите, јасно и недвосмислено да се артикулира и адресира виновникот/сторителот, а пред сè, поради постоење на голем број психолошки причини (страв, неизвесност, несигурност, очај, песимизам и друго). Суштински аргументи за проучување на овој проблем, односно, врсничкото насилство е неговата масовна појава која има свој интензитет и е забележителна во училишните клупи, училишниот амбиент и средина каде секојдневно се трауматизираат голем број ученици кои доживуваат и преживуваат насилство. Овие ургентни сигнални кодови ги алармираат надлежните и релевантните институции, организации и поединци што побрзо да ги декодираат нивните суштински пораки и да преземат соодветни мерки за зачувување и унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците.

Сметаме дека истражувачките резултати ќе покажат во која насока треба да се движат идните интервенции на релевантните институции и субјекти. Очекуваме објективноста на одговорите на младите да претстават јасна слика за состојбите, но во исто време да дадат свои видувања за насоките кон кои треба да се движат промените посебно во образовните институции.

ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

1. Теории на агресивноста

Теоретското објаснување на агресијата како составен дел на феноменот на насилство е неопходно заради потенцирање и детектирање на причините за појава на насилничкото однесување. Иако овие теории пред сè, се однесуваат на етиологијата на насилството, тие се од корист за разработка на феноменолошките карактеристики на насилството затоа што етиологијата, феноменологијата и превенцијата се гранки на криминологијата без кои не би можело правилно да се истражат и објаснат определени поими, во конкретниов случај феноменот на насилството, насилничкото однесување, криминалитетот на насилство. Ставовите на авторите кои го анализираат ова прашање се наоѓаат во дилема, дали агресијата е внатрешна карактеристика на човекот или е стекната низ искуствата. Многу истражувачи, посебно од европскиот образовен простор во доменот на социјалната психологија, наведуваат дека „агресивното однесување" не е дескриптивен туку евалуациски термин (Bornewasser, Mummendey, Linneweber i Loschper 1982; Mu m men dey, Bor ne was ser, Loschper i Linneweber, 1982). Оттука, различните теоретичари имаат различни ставови и мислења за потеклото на агресијата. Со цел да се идентификува теоретската основа за проучување на проблематиката на врсничкото насилство, ќе се осврнеме на голем број теории кои имаат значајно влијание за разбирање на појавата и манифестацијата на оваа негативна социопсихолошка појава. Големиот број истражувачки трудови и автори резултираат со продукција на различни видови теории кои на свој начин го разбираат, толкуваат и сфаќаат овој феномен. Во литературата се среќаваат неколку групи теории кои имаат свои емпириски аргументации во однос на разбирањето на агресивноста, агресијата и агресивното однесување. Тие можат да се поделат во повеќе групи, и тоа:

- **Психоаналитичката теорија.** Во ова теориско гледиште на различни начини се испреплетуваат следните теории: Фројдова теорија на агресивност, Неопсихоаналитичка (Hartman, Lowenstein, Anna Freud, McDougall, Adler и др.), Фромова теорија, Етиолошка теорија (Lorenz) и др. Психоаналитичката теорија, тргнува од становиштето дека агресијата е една од фундаменталните и вродените сили на човековото однесување, односно дека агресијата носи печат првенствено на

вродените поттикнувачки тенденции. Фројдовата теорија на агресивност ја објаснува агресивноста преку влијанието на инстиктите на живот (Ерос) и инстиктот на смртта (Танатос), постојано присутната желба за самоуништување (автоагресивност) која се јавува како резултат на влијанието на дејствувањето на нагонот за смртта. Неопсихоаналитичките претставници не го прифаќаат објаснувањето на Фројдовиот концепт, но и понатака ги нагласуваат биолошките детерминанти како генератори на агресивното однесување. Најзабележителен претставник на оваа психоаналитичка теорија е Лоренц кој тргнува од ставовите на Дарвин и Фројд, според кој секој обид за издвојување на човекот од неговото природно и нагонско чувство е чиста илузија и промашување и во таа смисла луѓето личат на стаорци кои се мирољубиви во рамките на својот род, а вистински разбојници спрема своите соседи. "Тој доаѓа до заклучок дека изворите на агресивноста и насилството во современото општество дека се наоѓаат пред сè во нагонско - биолошките својства на човечкиот род." Друго интересно становиште кое може да се смести во рамките на психоаналитичката теорија е размислувањето на Фројд за потеклото на агресијата. Тој сугерира дека човековото битие е некако програмирано за таков вид однесување. Фројд, изворот на агресивното однесување го гледал во вродените основи-инстиктите. Агресивноста, според Фројд, е тежнеење за деструкција на самиот себе, тежнеење за сопствена смрт. Според тоа, инстиктот за смртта е насочен кон самоуништување, но набрзо истиот се пренасочува кон надвор, спрема други. Единката се бори со други лица за својот опстанок бидејќи нејзината желба за сопствена смрт е блокирана со силите на инстиктот на животот. Инстиктот на животот го мотивира човекот да се себезаштити и да се себерепродуцира. Доколку ги анализираме и двете размислувања и на Лоренц и на Фројд ќе дојдеме до заклучок дека агресијата, а со тоа и насилничкото однесување на човекот се вродени во самата човечка природа, во самото човечко битие, па затоа треба и на тој начин да се проучува во рамките на размислувањата на човекот, во неговите нагони и инстикти. Главни слабости на оваа теорија се токму нивните основни тези дека насилството, агресијата се исклучиво производ на биолошките својства на човекот. Преку ваквото тврдење се врши негирање на останатите фактори кои влијаат и прдоинесуваат за појавување на агресијата, насилството.

- **Биолошко-физиолошки теории,** кои се раководат од влијанието на генетиката, влијанието на механизмите во мозокот, влијанието на хормоните и трансмитерите. Познатиот автор Жужул (Žužul 1989.) зборува дека постои поврзаност помеѓу синдромот XYY и агресивното однесување, но таа поврзаност е исклучително мала, т.е 0,13% во популацијата. Постојат индиции дека еден дел од амигдалата го активира агресивното однесување, која го моделира таквото однесување. Стимулирањето на одредени делови од хипоталамусното подрачје и подрачјето на средниот мозок може да предизвика агресивно однесување. Истражувањата покажуваат дека прекинот на протокот на сератонинот го зголемува агресивното однесување, а Дависон, Путнам и Ларсон (Davison, Putnam и Larson 2000). забележиле дека лицата со криминално досие имаат ниско ниво на природно создаден сератонин според Аросон, Вилсон и Акерт (Aronson, Wilson i Akert, 2002).
- **Бихевиористичка теорија.** Главната хипотеза на која се заснова оваа теорија е онаа на Долард (Dollard), претставник на американската бихевиористичка школа, кој смета дека „секоја агресија е последица од фрустрација (неисполнување на саканата желба), напротив, секоја фрустрација не води" Конард, Лоренц (Konrad, Lorrenz, Das sogenannte Böse. Zür Naturgeschichte der Aggression, Wien, 1963, стр. 1566. Лазароски, Алтруистичко (просоцијално) и агресивно (антисоцијално) однесување, нужно кон агресија (стр.765). „Долард, преку оваа своја теорија на фрустрација-агресија потенцира дека агресијата секогаш носи печат на фрустрација". Од ова стојалиште фрустрацијата, преку реакција предизвикува агресивност. Според овој правец агресијата претставува реакција врз растројството на една целна активност. „Денес во науката постои едногласност околу тоа дека хипотезата за фрустрација и агресија, во својот првобитен облик, беше погрешно и еднозначно отфрлана и оспорувана". Во овој дел ние се определивме да го потенцираме и објасниме мислењето на Долард (Dollard) за потеклото на агресијата бидејќи, според нас, тоа е доволно да ја разбереме суштината на оваа бихевиористичка теорија. Секако овој став на Долард (Dollard) не е единствен, тука се и размислувањата и ставовите на некои други автори кои на соодветен начин го објаснуваат потеклото на агресијата и насилничкото однесување. Тука, пред сè, можеме да ги сместиме авторите како Беркович, Милер, Барон, Бус, Хеимер, Дебист (Berkowitz, Miller, Baron, Buss, Heimer, Debuyst) и др.

- **Когнитивни теории:** Атрибуциска теорија, теорија на когнитивна дисонанца. Овие теории се надоврзуваат на ситуациските и социјално детерминирани теории.Тие истакнуваат дека начинот на кој поединецот ги перцепира и интерпретира срединските настани, ситуации и околности влијае на појавата и развој на агресивносто однесување според Бек (Beck. 2003). Атрибуцискатa теорија како една од највлијантелните когнитивни теории укажува на тоа дека колку една личност ќе регира на фрустрациите зависи во која мерка тие влијаат врз неговиот вообичаен начин на однесување. Теоријата на когнитивна дисонанца на Л. Фестингер (L. Festingera 1957.) укажува дека кога една личност ќе ѝ направи штета на друга личност тоа ги иницира сознајните процеси кои го оправдуваат тој чин. Претходно наведените теории укажуваат на тоа како и на кој начин личноста размислува за одредени појави и состојби, какви се нејзините когнитивни стратегии на размислување, начини на користење на други ментални функции и други ментални стратегии.
- **Сепкултурна теорија.**[1] Ова гледиште не ја препишува агресијата само не еден или мал број фактори, туку укажува дека корените на таквото агресивно однесување значајно вариpаат во определени подрачја и вклучуваат комплексно меѓудејство на тие фактори. Преставниците на ова сфаќање, докажуваат дека човекот не се раѓа со своите многубројни агресивни однесувања, туку напротив човекот сите тие агресивни однесување ги учи и може да ги научи на ист начин, како што ги учи и другите сложени форми на однесување. Како претставници на ова становиште можеме да ги потенцираме следниве автори: Кардинер, Суливан, Хонрej (Kardiner, Sullivan, Horney) и др. Главната теза на овие автори е дека агресијата и насилното однесување настануваат како резултат и последица на поединецот, со сите негови слабости. Всушност, тука агресијата се појавува како одговор на фрустрацијата настаната од потребата за живот во општеството. Анализата на сите овие теории, психоаналитичката, бихевиористичката и сепкултурната е неопходна од причина за подобро да ги запознаеме изворите на агресијта и насилничкото однесување. Од изнесените размислувања за посочените теории треба да се заклучи и согледа дека изворот на агресијата и насилството не може да се определи врз основа на една теорија и нејзините ставови. За да успееме да добиеме вистинска слика за

[1] м-р Марјан Габеров (Европсики Универзитет на Р М. Факултет за правни науки, Теоретските аспекти на насилството-Агресивноста

потеклото на агресијата, неопходно ќе биде овие теории да ги разгледаме преку еден интегративен пристап и на тој начин да се обидеме да го разрешиме проблемот. Сметаме дека ваквиот интегративен пристап ќе ни помогне точно да го одредиме потеклото на агресијата. Некои ќе речат дека едно вакво разгледување не е оправдано од причина што ние кога ги разгледуваме изворите на агресијата, не говориме за појавните облици на насилството (феноменологијта), туку напротив говориме за причината (етиологијата). Ова тврдење во извесна мерка може да се смета за точно, но не во целост бидејќи секое насилство, т.е. секој појавен облик на насилничко однесување најпрво мораме да го анализираме од аспект на неговата етиологија за подоцна да можеме правилно и концизно да ги детектираме сите појавни облици на криминалитетот на насилство. Таа низа етиологија-феноменологија - превенција не би требало да ја занемариме, па затоа сметаме дека ваквиот пристап е оправдан. Наведените погледи на оваа теорија укажуваат на значењето на општеството и општествените промени и нивното влијание врз (не) снаоѓањето на поединецот. Општествените односи на свој начин имаат влијание врз појава и манифестирање на агресивноста и агресивното однесување.

- **Ситуациски теории:** Фрустрациона теорија на агресивност според Долард, Милер, Дуб, Моврер и Сеарси (Dollard, Miller, Doob, Mowrer i Searsi). Тие тврдат дека агресијата и агресивното однесување се резултат на однесувањето кое е резултат на одговор на одредена фрустрациска состојба, а не на влијанието на некој инстикт. Долард и сорботниците ја дефинираат фрустрацијата како "состојба" која се јавува кога постои спречување на патот да се постигне некоја цел. Треба да се каже дека секоја фрустрација не доведува до агресија, како што секоја агресија не доведува до фрустрација. Карактеристиките на ситуациските теории се однесуваат на тоа колку личноста успешно се справува со предизвиците во својот личен и професионален живот, или со други зборови кажано, како личноста се однесува кога се соочува со одредени фрустациски состојби и ситуации во кои се наоѓа. Честопати, како резултат на неадекватните одговори на личноста кога ќе се соочи со одредена фрустрациска состојба, реагира импулсивно, агресивно со висок степен на ризично однесување кон себе и својата околина. Тоа значи личноста не е во ситуација на реалистички начин да ги поднесува и амортизира околностите во кои живее и функционира и поради тоа функционира на несоодветен начин, односно, неприфатлив начин во средината.

- **Теорија на агресивност како научено однесување** - Бандуринова теорија на агресивност. Теориите од оваа група сметаат дека агресивноста и агресивното однесување целосно е научено однесување. Зилман (Zillman, 1979.) смета дека агресивното однесување се усвојува на три начини и тоа: а) преку инструментално учење (агресијата е научена), б) учење на стимулуси и поттикнувачи кои се однесуваат на агресивноста, и в) преку социјално учење. Теоријата на Бандура укажува дела агресивното однесување може да се јави и без постоење на емоционални промени во организмот, туку само врз основа на наученото однесување. Така агресивното однесување може да се усвои не само преку свое моделирано учење туку и врз основа на однесувањето на другите кое се нарекува ("викариско учење"). Преку овие теории може да се објасни влијанието на агресивните филмови и видео игрите врз агресивното однесување на децата кои се идентификуваат со разните јунаци. Бројни истражувања упатуваат на корелација помеѓу гледањето на филмови со агресивни содржини и подоцното однесување кај младите, со тоа што агресивноста се зголемува со возраста (Eron, 1987.; Eron, Huesmann, Lefkowitz i Walder, 1996.; Huesmann, 1982.; Huesmann i Miller, 1994.; Turner i sur., 1986., prema Aronson, Wilson i Akert, 2002.). Претходно наведените теориски сфаќања одат во насока на констатација дека агресивноста, односно агресивното однесување може да биде резултат на наученото однесување кое може да биде во различни ситуации како што се, преку инструментално учење, преку одредени стимулуси ва средината и преку социјално учење. Тие укажуваат дека агресивноста е помалку или, воопшто, одредена од генетските предизпозиции, туку таа е резултат на наученото, стекнатото однесување во социјалната средина или би можело да се каже дека таа има социјален карактер која се формира и моделира во социјалната средина.

2. Дефинирање на основните поими (агресија, агресивност, насилство)

1.1 Дефинирање на агресијата



Во непосредна врска со поимите насилство, агресивност е и поимот агресија за кој се смета дека е поттип на агресивноста. Агресија, во најширока смисла на зборот, е начин на однесување или диспозиција, која е насилна, непријателска или нападна. Таа може да се случи или во знак на одмазда или без провокација. Во потесните дефиниции кои се користат во општествените науки и науките за однесување, агресијата е намера да се предизвика штета или акт кој има за цел да ја зголеми релативната социјална доминација.

Експертите сметаат дека агресивното однесување е нормален аспект од детскиот развој сè додека тоа не го нарушува нормалното психофизичко функционирање на личноста. Универзитетот во Северна Каролина спровел истражување во кое се заклучува дека детската агресивност е научено однесување и дека децата по природа не се агресивни. Агресивното однесување е сигнал дека детето е надвор од контрола. Може да биде премногу возбудено, налутено или љубоморно. Родителите кои на агресијата реагираат мирно, можат на детето да му помогнат да се смири. Агресивниот одговор на детето може да се јави поради безброј фактори, како што се уморот, гладот, вознемиреноста или стресот. Вашето дете не може секогаш да изрази како се чувствува, па детето кое е преплашено или гладно, може да ги поттурне или удри другите.

Агресијата може да има различни форми и може да биде физичка или да се искаже вербално или невербално.

Физичката агресија вообичаено се манифестира со физичко насилство и употреба на физичка сила која може да има различен облик и интензитет. Се претпоставува дека физичката агресија не е само научено однесување, туку дека развојот обезбедува можности за учење и биолошки развој на самоконтрола. Сепак, една мала подгрупа на деца не успеваат да се здобијат со сите потребни способности за самоконтрола и имаат тенденција да покажат атипични нивоа на физичка агресивност за време на развојот. Кај

нив подоцна постои ризик од можно насилно однесување, или обратно, недостиг на агресија, која може да се смета за неопходна во општеството. Некои наоди укажуваат на тоа дека раната агресија не мора подоцна да доведе до агресија, иако текот на раното детство е важен индикатор за особините во средното детство.

1.2 Агресивноста како иницијален импулс на врсничкото насилството (дефинирање)

Агресивноста, агресијата, агресивното однесување постојат од кога постои и човештвото. Овие поими во својот еволутивен развој доживуваат различни содржински и структурни промени кои се однесуваат на видот, манифестацијата и начинот на однесување на жртвите. Честопати во литературата, посебно во секојневната комуникација се забележува одредено подвојување, поистоветување или конфузно користење на претходно споменатите поими. Но, треба да се нагласи дека постои одредена суптилна дистинкција помеѓу овие поими која покрај номинално има и суштинско значење. Може да се каже дека насилството претставува една интегрална компонента на агресивно однесување или некаков вовед во таквото однесување, или уште поточно, во самиот поим на насилство стои агресијата како нејзино својство кое го одредува насилничкото однесување. Со цел да се направи разграничување на овие поими ќе наведеме нивно оперативно дефинирање според познати автори. Вујаклија, М (1980)[2] под агресија се подразбира „напад, напаѓање, нестрпливост, неизвесен напад со цел на потчинување и освојување и слични дејствија". Оваа дефиниција ја опишува релацијата на дејството или актот на поединецот врз друго лице, целта што сака да се постигне како и крајните ефекти од насилничкото однесување. Познато е дека во современата литература се прави разлика помеѓу агресија и агресивност. Познатиот автор од оваа област Арнаудовски, Л., (2007) прави разлика помеѓу агресивноста и агресијата. Тој смета дека агресивноста е диспозиција на човекот да се однесува на агресивен начин, тензија која човекот и неговиот организам го става во движење, а агресијата подразбира тотално или делумно уништување на објектот или личноста.[3] Во овие релации авторот за агресивноста смета дека е тоа диспозиција, а агресијата претставува активен однос на деструктивно или насилничко

[2] Milan, Vujaklija, Leksikon stranih reci I izraza, Prosveta, Beograd, 1980, стр. 9

[3] Поопширно во делото на Љупчо, Арнаудовски, Криминлогија, 2-ри Август-С, Скопје, 2007, стр. 331

однесување. Во понатамошната анализа на објаснување на овие поими може да се сретне објаснувањето дека во потесните дефиниции кои се користат во општествените науки и науките за однесување, агресијата е намера да се предизвика штета или акт кој има цел да ја зголеми релативната социјална доминација. Предаторското или дефанзивното однесување помеѓу припадници на различни видови не може да се смета како агресија во иста смисла. Во овој дел би можеле да констатираме дека кога се зборува за насилство меѓу врсници од психолошка гледна точка, можеме да го набљудуваме како поттип на агресивно однесување и според тоа агресијата е широк термин кој вклучува насилство во себе, а со тоа и малтретирање. Од тие причини видливо е дека агресијата е доста честа карактеристика на човековото однесување и извор на многу проблеми во општеството. Во согласност со тоа, предмет на проучување и истражување на различни дисциплини, со цел да се откријат услови кои претходат на развојот на агресија, нејзините појавни облици и начини на манифестирање, како и потенцијалните последици од агресивното однесување и за жртвите и за насилниците.

Во областа на психологијата постојат голем број дефиниции кои се однесуваат на агресивноста. Карактеристично за нив е тоа што постои големо несогласување околу нејзиното терминолошко поимање. Но, голем број автори се сложуваат со тоа дека агресијата е однесување со кое се нанесува штета на друго лице (Doolard i sur., 1939.; Buss, 1961.; Bandura, 1983.; Baron, 1977.; Parke i Slaby, 1983.; Zimbardo, 1979.; Eron, 1987.; Hinde i Groebel, 1989.; Moyer, 1987.; Berkowitz, 1988., според Žužul, 1989). Жужул агресивноста ја дефинира како "секоја реакција (вербална или физичка) која се реализира со цел да му се нанесе штета на некој друг или повреда од било кој вид, без оглед дали таа намера е докрај реализирана" (Žužul, 1989).

Агресијата подразбира однесување (емоционална реакција) кое во својата основа има намера да се нанесе штета, некој физички или психички да се повреди. Агресијата може да биде физичка и психичка. Физичката агресија е насочена кон физичкиот и телесниот интегритет на лицето кон кое е упатена агресијата. Психичката агресија најчесто се остварува преку заканата. Заканата е психичка принуда, принуда што психички дејствува врз човекот, притискајќи го да донесе одлука во одреден правец. Сулејманов расправајќи за насилството на човекот и неговото насилничко однесување дошол до заклучок дека тоа се состои од две компоненти: агресивноста и агресивното поведение. Тој смета дека овие две компоненти се основна карактеристика на сите кривични дела со елементи на

насилство. Според него агресивноста е психичко својство на личноста што се карактеризира со зголемена готовност за акција, а агресивното поведение е дејствие што се манифестира во напад (физичка активност), насочена против други лица со намера да им се нанесе штета.

1.3 Насилство

Површната опсервација на поимот насилство веднаш се идентификува со преземање на акт или чин на нанесување на било каква повреда или навреда која може да биде изразена во физичка и психолошка смисла. Или, може да се каже, дека општ генерален став при сфаќањето на поимот насилство е дека се работи за намерно и неоправдано нанесување штета на другите. Насилството никогаш не се сведува само на еден единствен чин. Под насилство се подразбира континуиран след на меѓусебно зависни настани кои се одвиваат во одереден контекст. Насилството се врши со цел да се нанесе болка или повреда на другиот. Во согласност со тоа кога постои повреда без намера или намера без повреда, таквите постапки не можат да се сметаат за насилни (Srna, 2003)[4]. Секако ова сфаќање има само по себе оправдување кое треба да се набљудува во контектуални рамки.

Понатака, Попадиќ (Попадиќ, 2009) продолжува дека според начинот како насилството се изведува тоа може да биде физичко и психолошко со видливи или значителни последици. Најчесто, поимот насилство се идентификува со поимот агресивност или агресивно однесување. Некои автори зборуваат за 200 дефиниции на агресивно однесување (Harre i Lamb, 1993), и скоро сите содржат елементи на насилство или нанесување на штета кои ја вклучуваат и дефиницијата на насилство. Првите систематизирани истражувања на феноменот на малтретирање започнале во 70-тите години на минатиот век (Olweus 1973 и 1978) во скандинавските земји. Олвеус (Olweus) стана многу важен, кога триото на момчиња од Норвешка извршил самоубиство поради малтретирањата што беа извршени против нив од страна на врсници. Според податоците на Светската здравствена

[4]Srna, J.(2003). *Nasilje*. Beograd: Žarko Albulj.

организација го дефинира насилството како намерна употреба на физичка или психолошка сила или моќ под закана, против себе, друго лице или против група или заедница, што резултира или е веројатно да резултира со повреди, смрт, психолошка штета, слаб развој или лишување.

Во обидот да се одреди поимот насилство ќе се послужиме со дефницијата на Светската здравствена организација според која насилството се одредува како намерна употреба на физичка или психолошка сила под закана, против себе, други лица или против група или заедница, која резултира или постои голема веројатност да резултира со повреда, смрт, психолошка штета, лош развој или лишување (WHO, 2002). Врсничкото насилство има влијание врз физичката, емоционалната, социјалната и образовната состојба на жртвата (Wet, 2005). Појмовното одредување на насилството и агресивноста може да се базира на психолошко, психијатриско и нормативно (Essau i Conradt, 2009). Од аспект на психолошкото становиште врз основа на описот на проблематичните облици на однесување кај децата и младите изведени се два синдрома на однесување кои се однесуваат на агресивното однесување кај децата: екстернализирани и интернализирани синдроми (Achenbach, 1993). Училишното насилство е групен феномен кој се случува внатре во социјалната институција и меѓу членовите на групата, тоа е зависно од групниот контекст во кое се случува, но е под влијание на поширокиот социјален контекст со карактеристини норми и обичаи (достапната Olweus, 1993; Salmivalli i sar., 1996; Craig i Pepler, 1997. prema Plut i Popadić, 2007). Преку литература може да се дојди до заклучок дека термините насилство и агресија често се преклопуваат, понекогаш и се мешаат. Во обидот да се направи дистинкција помеѓу агресивноста и насилството ќе се послужиме со предложената дистинкција на Попадиќ (Popadić, 2009), според кој агресивноста се одредува повеќе како намера некој да се повреди, да му се нанесе штета пред сè како тенденција или диспозиција за нанесување штета, за насилство зборуваме кога тоа треба да се случи или настане. Тој во рамките на насилство вклучува намерна неоправдана штета на друг. Она што го нарекуваме штета може да се смета за најширока етикета за негативните ефекти на однесувањето од кое други страдаат. Однесувањето со кое се нанесува штета на другите грубо можеме да го поделиме на вербално и невербално кое се состои од физички повреди, придизвикување на материјална штета и психолошка штета како што се срам, социјална изолација и сл.

2. Врсничко насилство како негативен социо-психолошки феномен

2.1 Дефинирање на врсничкото насилство

Врсничкото насилство е постојана актуелна тема која е во фокусот на општествената и институционалната перцепција. Не постои една и единствена дефиниција за тоа што е врсничко насилство, пред сè, поради неговата мултидимензионална условеност и детерминираност. Тоа создава потешкотии околу изнаоѓањето на една прифатлива дефиниција за овој поим кај голем број стручњаци во нивните теориски или емпириски истражувачки трудови. Ќе започнеме од наједноставното сфаќање според кое врсничкото насилство претставува тенденција да се нанесе физичка или психолошка повреда на друго лице, во конкретниот случај соучениkот, односно врсникот. Суштинско поимање на ова сфаќање е тоа што со поимот има тенденција се настојува да се прикаже сигурната намера на загрозување на физичкиот и психолошкиот интегритет на едно лице врз друго. Постојат повеќе поими со кои се објаснува врничкото насилство, пофрекфентни во таа смисла се булинг, мобинг и други кои означуваат слични или идентични недозволени дејства кои имаат за цел психофизичка повреда врз личноста на ученикот.

Врсничко насилство,[5] булинг е секоја форма на непосакувано и агресивно однесување во училиштата, кое не застанува таму, туку продолжува да ги следи децата во домот, преку интернет мрежите, социјалните мрежи. Терминот булинг (bullying) се користи кога се зборува за врсничко насилство. Првите истражувања на врсничкото насилство ги започнале истражувачите од скандинавските земји во раните седумдесетти години на 20-тиот век. Овој проект всушност е насочен да ги пронајде суштинските мотивациски механизми кои ја динамизираат личноста на насилно однесување и врз основа на тоа да се креираат ненасилни одговори кои ќе ги релаксираат динамичките односи. Првите систематски истражувања на феноменот на врсничкото насилство започнува во 70-тите години на минатиот век (Olweus 1973, 1978) во Скандинавските земји. Во САД во 1993 година е основан првиот национален државен центар за безбедност-Центар за превенција

[5] Термини кои се користат во во објаснување на врсничкото насилство (мобинг, булинг..)

на училишно насилство (Gašič-Pavišić, 2004). Во Шведска секое училиште мора да има своја програма за превенција за врничкото насилство (Frisen i sar., 2007).

Психологот Даниел Олвеус започнал да се занимава со проблемот и тој во првите трудови го користел терминот мобинг. Попознато како врсничка виктимизација или врсничко вознемирување, врсничкото (училишно) насилство е дефинирано како физичка, вербална или психолошка злоупотреба на жртви од насилници кои намерно им нанесуваат повреди (Олвеус, 1993). Даниел Олвеус наведува дека за врсничко насилство зборуваме кога, "ученикот е злоставуван или виктимизиран кога тој или таа континуирано и трајно се изложени на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици" (Olweus, 1993; str. 9)[6]. Во дефинициите на познатиот истржувач Олвеус се акцентира намерата или целта некому да се нанесе физичка, вербална и психолошка повреда како и бројот на насилниците кои се јавуваат како сторители на врсничко насилство.

Врсничкото насилство, односно, булинг (bullying) како што најчесто се нарекува претствува исклучително сериозен општествен, институционален и индивидуален проблем кој е мултидимензионално условен и детерминиран. Што е булинг? Кога зборуваме за врсничко насилство и насилство во училиштата, термин што често се среќава во домашната и странска стручна литература е терминот булинг (bulling). Тоа претставува посилна агресија кон послабите, при што напаѓачот и нападнатата страна може да биде поединец или група. Во нашиот јазик се употребува и терминот "булинг" кој кај нас најчесто се преведува како физичко или психичко малтретирање, злоставување или насилство на едно лице врз друго или на повеќе лица врз едно лице. Веќе беше нагласено дека врсничкото насилство може да се смета како подмножество или сегмент на агресивно однесување, односно на врничкото насилство.

Овие физички и ментални обрасци на однесување се под влијание на глобалните макро контекстуални влијанија и директно се рефлектираат во нашиот институционален училишен амбиент. Од тие причини сè позачестените агресивни и насилни сцени и облици на однесување на младите кои имаат латентен или манифестен карактер во училишниот и надвор од него амбиент сигнализираат ургентност за преземање на систем на законско-норамтивни, педагошки, психолошки, органозациски, кадровски и други итни интервентни мерки. Овие ургентни сигнални кодови ги алармираат надлежните и

[6] Olweus, D. (1993). Bullying at school. What we know and what we can do. Oxford, Blackwell.

релевантните институции, организации и поединци што побрзо да ги декодираат нивните суштински пораки и преземат соодветни мерки за зачувување и унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците. Од тие причини, трудот настојува да даде променет осовремен педагошко-психолошки дискурс кој не се базира на ***внимание кон нештата изразено во денови, месеци и декади туку внимание во мигови како делови од нашето секојдневие***. Тоа значи дека грижата на врсничкото насилство не треба да биде само акција која се случува во одредени периоди или настани, туку таа треба да биде континуирана.

Со тоа се отвора можност за реализација на систем од организирани мерки, постапки и активности кои ќе ги реализираат соодветните институции (Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и други) кои немаат свој дисконтинуитет. Трудот нуди афирмација и реализација на современи перспективни мерки кои нема да се засноваат на доминантна класична репресивност, туку има свое основно мото: Превенција на насилството со ненасилство што ја отсликува неговата атипична, а сепак реална визија за негова реализација. Целта е повторно да се идентификуваат клучните, суштинските мотивациски механизми кои ја динамизираат личноста на насилно однесување и врз основа на тоа да се креираат ненасилни одговори кои ќе ги релаксираат динамичките односи. Училишното насилство е групен феномен кој се случува внатре во образовните институции и меѓу членовите на групата, и од тие причини е зависно од групниот контекст во кој насилство се случува (Nedimovic, 2012). За одредување на врсничкото насилство треба тоа да се смести во училишен контекст каде постои динамична социјална интеракција. Од психолошка гледна точка, како форма на однесување врсничкото насилство може да се дефинира на различни начини. Врсничкото насилство како и во агресивното однесување подразбира напредна повреда на жртвата. Повредата може да биде физичка и психичка и таа може да има влијание на физичкото, емоционалното, социјалното и образовното здравје на жртвата (Wet , 2005) Wet , 2005) Wet, C.,*(2005). The nature and exstent of bullyng in Free State secondary skools (preuzeto 28.09.2008, http/www.ericdigets prg/2003-1/bulling.htm).*

Подоцна познатиот автор Олвеус (Olweus 1999) ја проширува неговата дефиниција и нагласува дека под врсничко насилство подразбира појава кога ученикот е трајно изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици. Во неа тој го акцентира атакот на членовите врз поединецот, односно го нагласува бројот на учесниците кои се

вклучени во врсничкото насилство. Овој поим се користи кога постои несразмерна сила, односно кога ученикот кој е изложен на напади тешко се брани и е донекаде безпомошен во однос на ученикот кого го злоставува.

Берковиќ (Berkowitz 1974) потенцира дека агресијата претставува однесување кое е физичко и психичко направено со цел да се повреди некој психички или физички. Тоа значи дека ако постапките се од агресивен карактер се јавува чувство на непријатност, но и отпор, тогаш значи се работи за насилство.

Фарингтон врсничкото насилство го дефинира како било кој облик на физичко и психичко зачестено нанесување на штета од страна на појаки и посилни ученици (група на ученици) кон послбите ученици[7] (Baldry, 2003).

Познатите автори во оваа област Попадиќ и Плут, (2007) под насилство подразбираат неоправдано нанесување на штета на другиот, која може да биде вербална, психолошка или физичка кој аима за цел застрашување, срамење, социјална изолација и слично[8]. Врсничкото насилство претставува постојано и намерно вознемирување кое може да се манифестира со закани, физички напад, потсмевање, барање подреденост или исклучување на поединци, т.н жртви од групата. Наведените дефиниции на поимот врсничко насилство укажуваат на неговата комплексност, но во исто време зборуваат за тоа дека е тешко да се најде општо прифатлива дефиниција која ќе ги одрзува сите нејзини аспекти.

Во согласност со горенаведените дефиниции на врсничко насилство, можеме да кажеме дека се работи за врсничко насилство кога има негативни дејства кои се повторуваат и се постојани и во кои има асиметрична рамнотежата на моќта. Под негативни дејства се мисли на такви однесувања при кои што некој намерно нанесува некаква повреда на некого или се обидува да му предизвика некакви непријатности на друг. Негативните дејства може да се изведат на вербален начин - комуникација (со зборови), со физички контакт (без користење на зборови) и без физички контакт. Негативните дејства

[7] Baldry, C. A. (2003). Bullin in Schools and expourse to domestic violence, Child Abuse Neglest, 27, 713-732)
[8] Popadic, D., Plut, D. (2007) Reagovanje dece I odraslih na skolsko nasilje, Zbornik institute za pedagoka istrazivanja, 2, 347-328

вклучуваат постапки како што се: закани, исмејување, надразнување, навреди, негативни физички контакт методи, вклучуваат удирање, туркање со раце и нозе, влечење и слично. [9]

Негативните дејствија без употреба на зборови и физички контакт вклучуваат постапки како што се гримаси, исклучување на поединци од група или исклучување од игри.

3. Врсничкото насилство во национални и интернационални рамки

3.1 . Врсничко насилство-истражувачки контекст

Постојат голем број истражувања кои укажуваат на застапеноста на врсничкото насилство во светски рамки. Ќе наведеме некои кои укажуваат на алармантната состојба на врсничкото насилство во нашето окружување и пошироко во светски рамки[10].

Првите систематски истражувања на феноменот на врсничкото насилство започнува во 70 години на минатиот век (Olweus 1973, 1978) во Скандинавските земји. Во САД во 1993 година е основан првиот национален државен центар за безбедност-Центар за превенција на школското насилство (Gašič-Pavišić, 2004). Во Шведска секое училиште мора да има своја програма за превенција за врничкото насилство (Frisen i sar., 2007). Еден од најпознатите автори кои се занимава со проблематиката на врсничкото насилствоо е Олвеус. *(Olweus, 1978; 1986).* "Насилството врз децата е чест проблем кој се шири на сите општества, сите култури и сите региони на светот. Милиони деца се подложени на секојдневното насилство. Насилството врз децата претставува грубо кршење на правата на децата. Насилството предизвикува страдање на детето, сериозно го попречува развојот, благосостојбата, па дури и животот на детето, а последиците се често тешки и долготрајни. "(Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство, 2008).

Во студијата на Олвеус се проценува дека околу 15% од учениците од 1-во до 9-то одделение во скандинавските училишта 7,6% се само жртви, 5,6% се само насилници, а

[9]Поопширно во делот за препознавање на врсничкото насилство

[10] Istraživanje je realizovano u okviru projekta „Moja škola – škola bez nasilja“ koji je pokrenuo UNICEF u saradnji sa Ministarstvom prosvete i sporta Republike Srbije. Ujedno, tekst je deo rada na projektu „Psihološki problemi u kontekstu društvenih promena“ finansiranog od strane Ministarstva nauke i zaštite životne sredine Republike Srbije (br. 149018D), аавтор dpopadic@f.bg.ac.yu

1,6% се и жртви и насилсници (Olweus, 1993). Во националното истражување во САД на околу 16.000 ученици од 6-то до 10-то одделение се покажало дека 30% од учениците вклучено во повторено насилство, 13% како силеции, 10,6% како жртви, а 6% како жртви и силеции (Nansel i sar., 2001)[11].

Од тие причини Норвешкото министерство за образование спровело грандиозно истражување со кое се опфатени 130 000 ученици на возраст од 8 до 16 години во 715 училишта од цела Норвешка (Olweus, 1993). Тоа доведува врсничкото насилство да се препознае како еден сериозен општетствен, институционален, но и личен проблем кој бара вклучување на систем од превентивни мерки на целото општетсво.

Во повтореното испитување во Берген во текот на 1997 година испитувани се 5000 ученици од 5 до 9 одделение од 37 училишта и е утврдено дека од 14,7 % вклучени ученици како жртви се 4,8%, насилници се 8,3%, а жртви и насилници се 1,6% (Solberg i Olweus, 2003)[12].

Во прегледот на истражувања во Австрија (Atria i Spiel, 2003)[13] се покажало дека број на ученици кои се на различни начини вклучени во насилството се движи помеѓу 16 и 34%, број на насилници од 3 до 16%, број на жртви од 3 до 16%, и број на оние кои се жртви и насилници од 8 до 25%.

Познатата авторка во оваа област Недимовиќ, Т., [14] наведува дека истражувањата на насилството во Србија конкретно во (Националната стратегија за превенција и заштита од насилство 2008 година дека**:** постои раширена култура на насилство, а посебно насилна комуникација која лесно доведува до други облици на насилство, врсничкото насилство зазема сè поразлични форми на насилство од физичко до електронско и станува сè побрутално, врсничкото насилство е многу поголем проблем од тоа што го гледаат возрасните, тоа е присутно на сите возрасти и помеѓу сите учесници во процесот на образованието и воспитанието, постојните механизми, техники и средства не се доволно

[11] Nansel, T. R., Overpeck, M., Pilla, R. S., Ruan, W. J., Simons-Morton, B. & Scheidt, P. (2001). Bullying behaviors among U.S. youth – prevalence and association with psychosocial adjustment. Journal of American Medical Association, 285(16), 2094–2100.
[12] Solberg, M. E., & Olweus, D. (2003). Prevalence estimation of school bullying with the Olweus bully/victim questionnaire. Aggressive Behaviour, 29, 239–68.
[13] Atria, M. & Spiel, C. (2003). The Austrian Situation: Many Initiatives, Few Evaluations. U: P. Smith (Ed.) Violence in Schools: The Response in Europe. London, Routledge Falmer.
[14]Поопширно во книгата Nedimović, T., Biro, M. (2012). Agresivnost i vršnjačko nasilje,Visoka skola za obrazovanja vaspitaca, Mihailo Palov, Vrsac

ефикасни, децата сè помалку веруваат во успешната превенција на насислтвото од страна на возрасните. Оваа аргументација е одлична подлога за универзализација на проблематиката на врсничктоо насилство бидејќи е присутна скоро ви сите земји од нашето поблиско окружување.

Во истражувањата во Република Србија во кое се вклучени 600 ученици на возраст од 11 до 18 години од 12 основни и 12 средни училишта (доживале насилство 36%, доживуваат насилство 21,3%), одземање на предмети и други работи 9,5% уништување на лични предмети и прибор (Gašić-Pavišić, 1998; str. 166)[15]. Според еден преглед изложеноста на силеџиство во истражувањата во Австралија, Австрија, Англија, Финска, Германија, Норвешка и САД тоа се движи во распон од 15% до 25% (Veenstra и сор., 2005)[16]. Општо е прифатено дека во западноевропските земји барем 5% од учениците доживуваат врсничко насилство. Овој процент е поголем на оносвно училишно, отколку на средно училишно ниво, а поизразено е кај децата отколку кај девојчињата. Помалку од 5% учениците ги злоставуваат другите еднаш неделно, а тој процент е повисок за 3 до 4 пати кај машките отколку кај девојчињата (Roland i Idsoe, 2001)[17]. Наведните истражувачки резултати говорат дека врничкото насилство е сè поприсутно и има засилен интензитет поради што е потребна итна акција која ќе ги опфати релевантните органи и институции во различни ресорни министерства.

3.2 . Врсничкот насилство во РСМакедонија (состојби, дилеми проблеми)

Кога зборуваме за состојбите во однос на врсничкото насилство тоа ќе го направиме врз основа на постојните документи и преземања на активности кои се однесуваат на институционално ниво. Што се однесува за одредени законско-нормативни документи може да се каже дека постои законската регулативна со која се санкционираат одредени нејзини аспекти. Тоа е пред сè во доменот на Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика. Но, не со помал интензитет се

[15] Gašić-Pavišić, S. (1998). Nasilje nad decom u školi i funkcija obrazovnih ustanova u prevenciji i zaštiti dece od nasilja. U M. Milosavljević (Ur.) Nasilje nad decom. Beograd, Fakultet političkih nauka.
[16] Veenstra, R., Lindenberg, S., Oldehinkel, A. J., De Winter, A. F., Verhulst, F. C. & Ormel, J. (2005). Bullying and Victimization in Elementary Schools: A Comparison of Bullies, Victims, Bully/Victims, and Uninvolved Preadolescents. Developmental Psychology, 41(4), 672 – 682.
[17] Roland, E. & Idsøe, T. (2001). Aggression and bullying. Aggressive behavior, 27, 446 – 462.

вклучени и другите министерства како што се Министерството за внатрешни работи кое во голема мера придонесуваат за превенција на врсничкото насилство. Во нашата земја усвоени се голем број закони кои што ги заштитуваат децата од насилство, искористување или злоупотреби на било која возраст. Конкретно во Законот за основите на системот за образование забранува физичко насилство и лични навреди на децата, и обезбедува право на детето на заштита од дискриминација и насилство. Постојат општи протоколи за заштита на децата од злоупотреба и запоставување на спроведување на интегрирана меѓусекторска соработка за заштитата на децата, со посебни протоколи се дефинирани мерките и постапките за превенција и интервенција во образованието, социјалната заштита, здравството, полицијата, судството.

Во РСМакедонија има многу закони за заштита и превенција од насилството врз децата. Конкретно во Законот за заштита на децата се забрануваат сите форми на насилство под сите околности и предвидува обврска за сите граѓани да го пријават секое насилство врз децата веднаш штом ќе дознаат за таков чин. ”Насилството врз децата е чест проблем кој се шири на сите општества, сите култури и сите региони на светот. Милиони деца се подложени на секојдневното насилство. Насилството врз децата претставува грубо кршење на правата на децата. Во Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство, (2008)[18], се укажува дека насилството предизвикува страдање на детето, сериозно го попречува развојот, благосостојбата, па дури и животот на детето, а последиците се често тешки и долготрајни”. (Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство, 2008).

Иако не постојат конкретни законски мерки за справување со врсничкото насилство, сепак со членот 64 од Законот за основно образование се предвидени одредени чекори и мерки кои треба да се преземат во случај кога ученикот/ученичката учествува во физичко или други форми на насилство. Член 64-а (1) Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети,

[18]Поопширно во "(Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство, 2008).

- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци,

- ученикот е недисциплиниран,

- ученикот го навреди наставникот,

- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство,

- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување,

- ученикот се однесува неморално или неетички, и

- во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

(2) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател од ставот (1) на овој член со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава. (3) Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба. (4) Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од ставот (3) на овој член. (5) Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето. (6) Формата и содржината на поканата за советување ги утврдува министерот. (7) Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата е должен за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето. (8) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот.

(извор) https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Mappping_report_FINAL_formated_pdf_.pdf

(9) Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето согласно со основите од ставот (1) на овој член. (10) Со учениците чии родители, односно старатели се упатени на советување заради постапувања на ученикот од ставот (1) на овој член психологот, односно педагогот реализира советување на ученикот, по завршување на советувањето на родители, односно старатели,

согласно со Програмата за советување на ученици, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот. Од наведените регулативи, но и пракса во училиштата, може да се заклучи дека во справувањето со врсничкото насилство главната улога и задача ја имаат стручните служби во училиштето. Во мај 2018, УНИЦЕФ ги презентираше резултатите од истражувањето со наслов: Превенција, идентифакација, пријавување и упатување во случаи на насилство врз деца- преглед на национални механизми за одговор. Резултатите покажаа дека е потребно: преку редовни обуки и работилници да јакнат капацитетите на психолошко-педагошката служба во основните и средните училишта за разбирање на проблемот на насилство врз деца и нивните знаења за идентификација, упатување и поддршка на деца жртви на насилство; специфична обука за поддршка на деца жртви на насилство, организирана најмалку еднаш годишно; надзорот од поискусните колеги или ментори мора да биде достапен и организиран редовно. Истото истражување укажува на потребата од превентивни програми, како и зајакната мултисекторска соработка. Бидејќи покрај родителите, стручните служби во училиштата се првите кои се среќаваат со проблемот да препознаат и констатираат врсничко насилство, како и да применат одредени мерки за справување со случајот, се одлучивме да спроведеме анкета токму со овие служби во основните училишта во град Скопје, со цел да дојдеме до одредени сознанија кои ќе помогнат во натамошното креирање на предлог политики за справување. Во продолжение ќе наведеме одредени активности на поединци и институции кои се насочени кон превенција и имаат широка медиумска промоција. Тоа се однесува на **„И зборовите повредуваат“, „Булинг? НЕ во моето училиште!“**[19].

...Свесноста дека постои насилство и неговото препознавање е само прв чекор во справувањето со овој проблем. Сакаме долгорочни и адекватни стратегии кои ги градат училиштата (и општеството) нетолерантни на насилство. Меѓуврсничко насилство вклучува широка лепеза на однесувања кои се повторуваат помеѓу врсниците со намера да се навреди/повреди другиот (давање прекари, навредливи коментари, крадење или уништување на своина, графити, озборување, потсмевање, изолација, физичко насилство, сајбер насилство, итн.). Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ од денес 21 Септември – меѓународниот ден на мирот, започнува кампања против врсничкото насилство кое за жал е се поприсутно, особено во училиштата низ државата. Кампањата ќе се одвива и развива во текот на целата учебна година на национално ниво под слоганот „И

[19] Преземено од Google, врсничко насилство во Р. Македонија

зборовите повредуваат“ а за училиштата под слоганот „Булинг? НЕ во моето училиште“. Кампањата против врсничкото насилство ќе добие зголемена јавна видливост преку: - поставување 35 билборди и 15 Сити лајт постери во повеќе градови низ Република Македонија (Велес, Скопје, Дебар, Гостивар, Виница итн.); -краток видео клип што ќе се објавува на социјалните мрежи, телевизиите, радио станиците; -дистрибуирање материјали за учениците/чките од вклучените училишта во програмата за Мировно образование при Детската амбасада МЕЃАШИ (пенкала**,** тетратки, беџеви, флаери, постери, маици, налепници итн.) со содржини кои го промовираат ненасилството и поттикнуваат на подобро меѓусебно разбирање. Исто така, во рамки на кампањата преку целата учебна година ќе бидат одржани серија обуки за наставните кадри на тема „Булинг“ и како да се превенира и работи на намалување на врсничкото насилство и последиците од истото. Во рамките на училиштата ќе се одржат серија активности, работилници, форум театри, танц театри, дискусии на темата „Булинг“... а исто така ќе биде објавен и прирачник за наставниците. Во склоп на другите печатени материјали децата ќе имаат можност да се запознаат на повидлив начин со SOS контактите за деца и млади при Детската амбасада МЕЃАШИ. Наведените активности се во прилог на афирмација и превенција на проблемот на врсничкото насилство.

4. Фактори за појава и развој на врсничкото насилство

Кога се имаат предвид факторите кои имаат огромно влијание врз појавата, но и врз превенцијата на врсничкото насилство тие можат да се групираат во следните групи:

- Семејството како фактор за појава на врсничкото насилство
- Улогата на училиштето во појава на врсникото насилство
- Личноста на самите сторитетли, конкретно младите
- Општетсвените прилики во кои функционираат младите
- Врсниците и нивното влијание за појава на врсничко насилство

4.1 Семејството и врсничкото насилство

Што се однесува до појавата на насилството на децата, општоприфатен став е дека семејството е првиот природен простор во кој се учи како и на кој начин треба да се решаваат меѓусебните конфликти. Од тие причини често се користи констатацијата дека без учество на семејството нема вистински успех во превенција на врсничкото насилство. Оваа медиумска констатација укажува на исклучителното значење на семејството во превенција на врсничкото насилство. Семејството е прва емоционална и социјална средина во која детето се формира, а родителите можат континуирано да ги следат сите реакции и манифестации на однесување во разновидни ситуации (R.Grandić, M.Letić, 2008). Честопати недостиг на внимание и топлина, несигурна приврзаност, сведок на насилно однесување дома, сведок на вербална и физичка агресија на родителите спрема детето и меѓу родителите се сигурни индикатори за потенцијална појава на агресија на децата. Исто така, недоволен надзор и грижа на родителите, неусогласен став во поглед на одгледувањето и насочувањето на децата, недостаток на контакти со еден од родителите, постојано менување на партнерот на родителот, рамнодушност и недостиг на љубов се само вовед во идните облици на агресија кои можат да имаат силен интензитет и на крај да завршат со несакани деструктивни и автодеструктивни облици на однесување на децата.

Тоа укажува дека семејството има незаменлива улога во развојот на детската личност, односно, неговото однесување кое подоцна се пренесува во училишните клупи и поширокаата социјална средина. Не е случаен фактот, семејната средина да се смета за една од најважните детерминанти која го одредува однесувањето на детето. Нејзиното посредно или непосредно влијание за појава и учење на асоцијалните облици на однесување се смета и се почитува во повеќе криминолошки теории. Моралната функција на семејството е секако еден од важните услови за успешна интеграција на детето во училишната, а подоцна и во работната средина. Постојат емпириски потврдувања дека децата од дезориентираните семејства имаат поголема можност да демонстрираат непосакувано однесување кое подоцна се зацврстува и практикува во училишните клупи. Познато е дека уште Ломброзо воочува дека лицата со криминално досие најчесто потекнуваат од семејства со несредени односи, вонбрачни деца и деца без родителска грижа.

При тоа тој го поставува прашањето: „како несреќното дете да се спаси од злото кога другите му го претставуваат во најзадоволни бои и му наметнуваат авторитет кој е пример на родителите и воспитувачите“.[20]

Сигурно дека оваа констатација со која започнавме има длабока суштинска основа, бидејќи првите облици на (не)адекватни доживувања децата ги доживуваат во примарната биосоцијална средина, а тоа е семејството. Сосема е точно тврдењето дека односот, перцепцијата, насилството кај децата се гради уште во семејниот амбиент. Од тие причини, исклучително е важно со какава перцепција на овој феномен децата доаѓаат во училишните клупи. Познато е дека дисфункционалните семејства, агресивното однесување на родителите, манифестирањето на семејно насилство и други непосакувани и негативни облици кои биле и се практика во семејството се за жал вистинска основа од која детето црпи реални искуства за однеување во новата училишна средина. Голем број на истражувачи во рамките на психолошката теорија на приврзаност ја докажуваат условеноста на детската приврзаност со родителите и други старатели со појавата на однесување кое отстапува од прифатените општетсвени и институционални норми. Тоа директно ја загрозува квалитетната интеграција на децата во училишната, а подоцна во општетсвената средина. Се смета дека состојбите и настаните во семејството до осмата година посебно има огромно влијание врз криминалната ориентација во подоцнешната зрелост. Докажано е дека несигурно приврзаните деца во семејството, отсуството на емпатија во семејните односи, влијае на склоноста за физичко насилство подоцна во училиштето и надвор од него.[21] Претходното говори дека од посебно значење се семјените односи, семејната клима, семејната динамика, интеракциските односи во семејството, стилот на воспитување во семејството, начинот на решавање на поедини конфликтни ситуации за усвојување на насилни облици на однесување на детето уште од најрана возраст.

Според податоците на УНИЦЕФ дури 44% од децата од машки пол, и 42% од девојчињата помлади од 14 години доживуваат физичко казнување во семејството. Тоа укажува дека децата првите искуства со оваа појава ги доживуваат и преживуваат уште во семејната атмосфера. Од тие причини потенцијалното агресивно однесување во голема

[20] C. Lombroso, Le crime Causes et remedes, Paris, 1899, str. 174
[21] R. S. Katz, „Building the Foundation for a Side-by-Side Explanatory Model, Western Criminology Reviw, 1999, 1 (2).

мерка може да биде научено, стимулирано, дури и поддржувано уште во раните семејни почетоци на воспитување на децата. Затоа врсничкото насилство мора да се проучува и да биде поставено под опсервација од раното детство од каде ќе се идентификуваат одредени причини за појава на врсничкото насилство.

4.2 Училиштето како фактор за појава на врсничко насилство

Познато е дека училиштето во целина претствува комплексен систем на динамични комуникациски односи на различни релации кои имаат за цел задоволување на различни потреби. Најдоминантни и најфрекфентни односи се секако наставник-наставник, наставник-ученик, ученик-ученик, родител-наставник, родител-ученик. Покрај конструктивните односи и релации помеѓу претходно споменатите субјекти сведоци сме во училишниот контекст на голем број конфликтни односи, посебно на релација ученик-ученик, односно, ученици-ученици. Притоа познато е дека не ретки се односите на покажување или демонстрирање моќ, сила, присила, насилство кои можат да се забележат помеѓу учениците од различни возрасни нивоа. Како резултат на тоа поедини ученици доживуваат полесни или потешки физички или психолошки трауми кои се долгорочно со несогледливи последици врз понатамошниот развој на децата. Според одредени податоци во САД 20% од анкетирани ученици во училиштата изјавуваат дека носат оружје, но не во училиште туку надвор од него (Furlong i Morrison, 2000, според Попадиќ, 2009). Оваа информација говори дека овој проблем има интернационални диманзии и има различни манифестни облици. На кој начин училиштето го стимулира врсничкото насилство? Како да се идентификуваат насилниците во училиштето? Со цел да се добие појасна претстава како институционалното однесување ја мотивира појавата на врсничкото насилство ќе наведеме некои специфични облици на однесување. Може да се наведат следните облици на однесување на образовните институции во оваа смисла:

- Традиционалното попусливо однесување на училиштето кон различни облици на агресивно и насилничко однесување им дава за право на (ин)директен начин да го манифестираат својот насилнички однос.

- Ненавременото и преголемото толерантно однесување на училиштето кон поединци и групи на насичничко однесување им дава за право тие да го зацврстуваат и прошируваат таквиот однос кон голем број ученици.
- Отсуството, односно, недоволната соработка помеѓу наставниот кадар во решавањето на различни проблеми кои се вовед во агресивното однесување.
- Недоволно функционална и ефикасна соработка со семејството, односно, родителите.
- Постоење на одредено чувство на страв кај наставиците и училиштето во целина од родителите чии деца покажуваат видливо врсничко насилство кое понекогаш ескалира со криминални облици на однесување.
- Затаена или недоволно активна улога на стручните соработници во училиштето во превенцијата или решавањето на различни конфликтни ситуации кои подоцна придонесуваат за појава на распространетост на врсничкото насилство.
- Наведените облици на однесување на наставнциите, учениците и родителите го стават училиштето во една незавидна положба во однос на ефикасна борба против врсничкото насилство.

Во овој дел ќе го претставиме односот на учениците кога се сведоци на врсничко насилство во училишните клупи или училишните дворови. Кога се има предвид односот на учениците во училиштето кон врсничкото насилство, постојат различни истражувачки резултати. На едната страна се оние кои сметаат дека учениците интервенираат кога се сведоци на врсничкото насилство над други ученици, а другата страна е дека учениците воглавно се пасивизирани кога треба да се преземе некаква акција во смисла на превенција на врсничкто насилство на кое се сведоци. Истражувањата (Hawkins и сор., 2001) покажуваат дека ученици во 19% ситуации интервенирале во училишните дворови. Во Шефилдската студија кои ја спровеле Витнеј и Смит (Whitney i Smith, 1993), 54% ученици од основните училишта и 34% ученици од средните училишта се обиделе да им помогнат на своите врсници при обидите на врсничкото насилство. А, додека 27%, односно 47% изјавиле дека ништо не сториле, но мислат дека требало да сторат, а 19% односно 20% ништо не направиле, мислејќи дека не е тоа нивна работа. Резултатите говорат за недоволна активност на учениците во училиштето кога се сведоци на врсничкото насилство кое е дел во училишниот амбиент, или би се се потврдило дека тие имаат пасивна улога и функција кога се индиректно сведоци на несаканите насилсни ситуации во училиштето. „Посебно треба да бидеме подготвени и да го оправдаме нашиот дигнитет за тоа како институциите, училиштата и другите образовни институции се справуваат со овој проблем, бидејќи многу е малку познато е неопходно да се изврши рана детекција. Рано познавање на првите облици на насилство кои понатаму го профилираат самото дете“, изјави Љупчо Кеверески, универзитетски професор. (Здравство+Мк, Децата жртви на физичко, психичко и други форми на насилство. Насилството во подем!)

4.3 Индивидуалните особини и карактеристики како фактор за појавата на врсничко насилство

Несомнено може да се потврди дека индивидуалните особини и карактеристики на учениците се од исклучитечно значење за постанување насилник, демонстрирање на насилство и станување жртва на врсничко насилство. Уште Даниел Олњеус (Dan Olweus) во 1998 година го опишува склопот на особини на деца кои трпат наиство, но и на оние кои насилно се однесуваат. Скоро сите понатамошни истражувања ги потврдуваат неговите наоди. Ќе наведеме некои препознатливи особини и карактеристики на децата кои трпат насилство: имаат слаба самопочит (сами се перцепираат како слаби и непривлечни), анксиозни се, имаат мал број пријатели, повелечени, пасивни, внимателни, тивки, физички послаби и несигурни, најчесто се презаштитени од своите родители, лесно раплакуваат, се повлекуваат и др. Децата кои се однесуваат насилно или се сторители на врсничко насилство обично ги имаат следните особини и карактеристики: се однесуваат агресивно кон родителите, наставниците и учениците, доминираат и имаат желба да ја контролираат ситуацијата, имаат потреба да мислат дека се повредни од другите, си даваат за право да ги контролираат другите, импулсивни се, манипулативни, не се толерантни, делуваат супериорно и со тоа предизвикуваат внимание од страна на околината. Агресија, во најширока смисла на зборот, е начин на однесување или диспозиција, која е насилна, непријателска или нападна. Таа може да се случи или во знак на одмазда или без провокација. Во потесните дефиниции кои се користат во општествените науки и науките за однесување, агресијата е намера да се предизвика штета или акт кој има цел да ја зголеми релативната социјална доминација. Агресијата може да има различни форми и може да биде физичка или да се искаже вербално или невербално. Експертите сметаат дека агресивното однесување е нормален аспект од детскиот развој. Универзитетот во Северна Каролина спровел истражување во кое се заклучува дека детската агресивност е научено однесување и дека децата по природа не се агресивни. Агресивното однесување е сигнал дека детето е надвор од контрола. Може да биде премногу возбудено, налутено или љубоморно.

Агресивноста на децата е сериозен проблем на кој треба да се обрне внимание уште од најрана возраст. Таа е показател за некој проблем во кој се наоѓа детето. Притоа многу

подобро е да се пристапи кон правилни воспитни мерки уште од најрана возраст, отколку да се применуваат специјални педагошки мерки во процесот на превоспитување. До четвртата година децата се повеќе физички агресивни, а агресивноста е „инструментална“, т.е со цел да се добие предмет или да се оштети. Со развојот на говорот зачестува вербална агресија со цел да се повреди друго лице. Доколку некое дете е агресивно треба да се вложи доста напор и време, многу да се разговара со детето за да се насочи кон правилно решавање на проблемот. Децата не се раѓаат агресивни, себични, разгалени... такви ги прави околината - врсниците/другарчињата, родителите. Родителите, едукаторите или општествената заедница реагираат дури кога проблемот со агеривноста се продлабочил и воочливо отскокнува од нормите за правилно општествено однесување.

Од предходно наведениит спектар на особини може да се забележи дека токму нивниот склоп на особини и карактеристики ќе бидат во фокусот на интерес во оваа теориско-емпириска елаборација.

Едно дете се раѓа со одреден и претпоставен агресивен потенцијал кој доколку се активира како резултат на различни социјални влијанија тој се обликува како специфичен белег на однесувањето. Но, исто така индивидуата во текот на животот стекнува социјални вештини во семејството и училиштето како на соодветен начин да се справи со сите нејзините инстинктивни пориви/напливи, а со тоа и со агресијата. Децата кои не научат да ги користат социјално прифатливите начини да ги постигнат своите цели или решавање на конфликтите со другите деца, тие можат да станат повлечени и дефанзивни, или да научат да се одбегне насилно однесување, како начин да ги доведе до целната линија. Кога зборуваме за нарушување на однесувањето кај децата и адолесцентите, овие однесувања се категоризирани врз основа на различни критериуми. Статистичката анализа покажа две групи на однесување. Првата политика вклучува борби, непослушност, изливи на гнев, деструктивност, несоработка, ароганција и вознемиреност и агресивно однесување се нарекува социјализација со помалку или само агресивно однесување. Втората група вклучува погрешна толпа, бега од дома и од училиште, влегува во кражба, има лојалност и посветеност на деликвенто друштво, се служи со лаги и подметнување пожари, се нарекува социјализирана агресија или деликвенција.

4.4 Улогата на врсниците врз појавата на врсничкто насилство

Познато е дека врсниците имаат огромно влијание врз однесувањето на децата во училиштето. Секоја индивидуа, односно ученик, настојува да биде дел од својот врснички колектив. Тоа е една од социо-емоционалните потреби на секој ученик да биде прифатен и да функционира како составен дел на одделението. Посебно тоа се однесува на учениците кои имаат специфични семејни, лични, социометриски и други карактеристики. Во поедини околности интензитетот на влијание е толку силен што целосно влијае врз формирањето на однесувањето кај учениците. Но, кога се има предвид врсничкоро насилство и улогата на врсниците посебно е значајно бидејќи врсничкото насилство најчесто се случува пред другите ученици во одделенскиот колектив. Истражувањата на Крег и Пеплер (Craig i Pepler, 1997) како и Атлас и Пеплер (Atlas i Pepler, 1998) потврдуваат дека 85% од инцидентите се случуваат пред другите врсници. Ригби и Џонсон (Rigby i Johnson, 2005) потврдуваат дека сите ученици во основните и средните училишта се дел или сведоци од различни видови насилно однесување кое се случува во училиштето.

Во истражувањата се тврди дека сведоци на врсничко насилство биле 22% во основните училишта, 40% во средните училишта. Сведоци на физичко насилство биле 10% во основно, 19% во средно училиште. Во едно истражување во Израел се потврдило дека дури 80% од основците и средношколците биле дел во вербално насилство, а околу 40% од основците и преку 80% од средношколците биле сведоци на сексуално насилство (Rolider i Ochayon, 2005) [22].

Кога се има предвид улогата на врсниците во процесот на сведоштво или превенција неопходно е да се истакне нивната улога. Слободната анализа, односно констатација за улогата на врсниците, имајќи го во вид однесувањето на сведоците укажува дека можеме да говориме за дистанцирање, пасивизирање и недоволна активност на врсниците кога се има во вид самата превенција.

[22] Поопширно во книгата на Popadic, D., (2009). Nasilje u skolama, Institut za psihologija, Beograd (стр-159-160)

Во истражувањето на Крег и Пеплер (Craig i Pepler, 1997) во 32% епизоди другите деца биле активно уклучени, но во злоставувањето, во 52% биле во заедничка интеракција 27% биле вклучени во паралелни активности, 13% биле набљудувачи. Во друго истражување 57% епизоди врсниците биле пријателски наклонети кон насилниците, а 31% кон жртвите. Во друга студија (O'Connell i sar., 1999), 54% од испитанциите биле наблудувачи, само 25% биле посветени кон спречување на агресијата. Во истражувањето (Hawkins i sar., 2001) ученици кои интервенирале во училишниот двор биле само 19% .

Наведените резултати кои се однесуваат на улогата на врсниците во врсничкото насилство укажува на потребата и фактот од подетално испитување на причините и мотивите на пасивизацијата на врсниците. Секако дека можат да се навестат причините и мотивите поради пасивниот однос на врсниците кои се резултат на објективните и субјективните околности. Но, останува отворено прашањето за подлабока анализа на односот на врсниците кон појавата и манифестациите на врсничкото насилство во училиштето.

5. Категоризација на учесниците во врсничкото насилство

Врсничкото насилство може да има многу форми. Од страна на многу истражувачи врсничкото насилство може да се категоризира на различни начини и врз основа на различни критериуми. Вообичаена поделба на учесниците во врсничкото насилство во негова потесна форма е насилникот и жртвата. Во поширока смисла на зборот учесници во врсничкото насилство се: насилникот или насилниците, жртвата или жртвите и лица кои помагаат или асистираат. Според некои истражувачи покрај насилникот и жртвата постојат и: асистенти (кои им се приклучуваат на насилниците), мотиватори (чија улога е поддршка на насилниците), аутсајдери (кои не реагираат на насилството што се случува) и одбрана (оние кои ги бранат жртвите).

5.1 Карактеристики на насилниците

Ако се набљудува физичкиот и психолошкиот профил на личноста на насилниците може да се каже дека тие поседуваат одредни општи и посебни карактеристики.

Насилници се деца кои постојано ги задеваат другите деца на суров начин, ги заплашуваат, им се заканuваат, потсмеваат, им наредуваат, ги удираат, повредуваат или ги игнорираат. Карактеристика на децата насилници е зголемената агресија во споредба со ненасилните деца. Кога станува збор за момчињата насилници тие се карактеризираат со зголемена физичка сила. Тие генерално се физички посилни од другите момчиња, а особено од жртвите. Покрај тоа што се поагресивни, имаат потреба да чувствуваат контрола и моќ, често им е тешко да се справат со фрустрирачки ситуации и лесно се навредуваат. Насилниците обично имаат попозитивен став кон насилството и како по правило немаат помала самодоверба, што е карактеристично за жртвите. Насилниците во однос на формите на насилство најчесто се класифицираат во следните категории:

1. Во првата група, спаѓаат физичките насилници кои се најмногу препознатливи и кои го изразуваат својот гнев со физички напади (тупаници и/или клоци) врз избраните жртви;
2. Втората група, вклучува вербални насилници кои ги користат зборовите за да ги повредат и понижат оние кои се избрани за жртви;
3. Третата група, вклучува насилници во областа на човечките односи, т.е тие шират гласини за оној кој е жртва, оваа форма на малтретирање е присутна претежно кај девојчињата;
4. Во четвртата група спаѓаат реактивните жртви. Тоа се оние насилници кои биле жртви на врсничко насилство и кои по одреден временски период и самите прераснале во насилници.

Наведената клсификација укажува на комплексноста на феноменот на врсничкото насилство, но најмногу говорат за облиците на кои начини тие се рефлектираат врз жртвата.

5.2 Карактеристики на жртвите во врсничкото насилство

Во проучувањето и објаснувањето на жртвите во врсничкото насилство ќе се послужиме со одредени искуства кои произлегуваат од криминалистиката, криминологијата, криминалистичката психологија и други сродни наставни дисциплини. Од тој аспект жртвата, во овој случај ученикот, можеме да ја дефинираме како лице над кое се врши физичка, психичка или друга помала или поголема тортура со што се нарушува нејзиниот физички и психолошки интегритет. Или, тоа може да бидат лица во овој случај ученици над кои континуирано и со несразмерна сила се применуваат различни облици на психофизичко насилство. Постојат различни класификации на овој поим според нивниот придонес да постанат жртви. Според една класификација на Бенџамин Менделсон, (1963) тие се делат на:

- потполно невини жрви,
- жртва со незначителна вина,
- жртва која е подеднакво виновна, како и сторителот,
- жртва која е виновна повеќе од сторителот,
- жртва која е единствениот виновник,
- жртва која умислила дека е виктимизирана.

Предходната класификација дава јасен преглед за претпоставките на жрвтите да бидат жртви. Оваа поделба има условен карактер бидејќи тешко е да се направи јасна дистинкција на категориите на жртви со оглед на комплексноста на самата проблематика.

Според учество на жртвата во кривичното дело (E. A. Fattah) се делат на :

- непартиципирачка жртва,
- латентна или предиспонирана жртва,
- жртва провокатор,
- жртва која учествува во самото извршување на кривичното дело, и
- лажна жртва.

И во оваа условна класификација на жртвите треба да се погледне од аспект на учеството на жртвата во однос на мотивација тие да бидат дел од виктимизацијата. Варијациите на претходната и горенаведената класификација укажуваат дека неопходна е исклучителна внимателност во поставување или формирање на некаква класификациона листа.

Психологијата на жртвата опфаќа неколку состојби:

- Психолошкото влијание на жртвата врз извршителот,
- Психолошката состојба на жртвата,
- Личната подобност и навики,
- Психосоцијалниот однос на жртвата и обвинетиот, и
- Психолошките последици на жртвата од страдањето од кривичното дело.

Оваа поделба најмногу индицира на психолошките особености на профилот на жртвите и со себа ја интегрира потребата за подлабоко познавање на психолошкиот профил на жртвите. Во оваа класификација може да се забележи потребата за набљудување на жртвата низ микро и макро контекстуални услови, пред сè од аспект на учество на организацијата на особини на потенцијалната жртва.

5.3 Други учесници во врсничкото насилство

Прашањето за улогата на другите учесници во врничкото насилство[23] во училиштето е од посебно значење за расветлување на поедини случаи или аспекти од врсничкото насилство. Тие во голема мера можат да придонесат за објаснување на причините, мотивите, начните на манифестација, идните случувања и сè она што е поврзано со врсничкото насилство. Овие лица понекогаш се пресудни во појавата и превенцијата на врсничкото насилство во одделението и училиштетето, особено ако нивната улога има конструктивен карактер. Честопати или во најголем број случаи поради објективни или субјективни причини не сакаат или не соработуваат (со ракводните лица, наставниците, родителите, стручните соработници и други надлежни лица) во расчистување на поедини облици на

[23]Најчесто се мисли на учениците, со учениците или врсниците во училиштето

врсничко насилство. Тоа може најчесто да биде поради страв од насилниците, односно, одмазда врз оние кои на некој начин ќе ги посочат како директни виновници во извршување на врсничкото насилство. Тие ситуации во голема мера ги отежнуваат брзите, навремените и ефикасните интервенции од релевантните субјекти и индирекно се јавуваат како намерни или ненамерни соучесници во врсничкото насилство. Според нивната улога другите учесници можат да се поделат на две групи и тоа: случајни или намерни сведоци во врсничкото насилство.

Случајните учесници (сведоци) во врсничкто насилство се оние лица и ученици кои се нашле случајно за време на настанот на извршување на насилничкто врсничко насилство кое може да се реализира во одделението, училишниот двор или на други места. Тие во принцип немаат никаква одговорност кога се има предвид извршувањето на врсничкото насилство и на ниеден начин не придонесуваат тоа да се појави и ескалира. Оваа категорија на индиректни учесници во насилниот настан е неподготвена за било каква акција или некој вид интервенција, бидејќи за нив тоа е неочекуван и изненаден чин на насилство. Но кога станува збор за нивна одговорност е тешко да се процени нивната вина во целокупната ситуација од повеќе објективни и субјективни причини и последици.

Намерни сведоци на врсничкото насилство најчесто се ученици од соодветното одделение и училиште кои имаат директен или индиректен увид во појавата, развојот и кулминација на врсничкото насилство. Тоа се ученици лица кои или биле дел или би постанеле дел од целокупниот насилнички настан. Најчесто ги знаат мотивите и учесниците во врсничкото насилничко сценарио и со својот начин на однесување се дел од насилничките сценарија. Оваа категорија на други учесници во врсничкото насилство намерно и со интерес го следат развојот на ученичките конфликти и се соучесници во реализацијата на истото. Во одредени ситуации и настани тие го стимулираат развојот на настаните и со тоа се директни виновници и помагатели на реализација на врсничките недозволени дејства. Оваа категорија на учесници, може да се каже, дека е и исто толку виновна како и директните сторители на врсничко насилство со тоа што свесно, намерно и смислено го поддржуваат тој настан.

Кога станува збор за категоризација на овие учесници може да се направи уште една поделба која се однесува на тоа дали според своја волја или не станале дел од настанот. Според тоа може да се поделат на лица или/и учесници кои по своја волјаа и убедување станале или

учествувале како сведоци во врсничкото насилство и лица или/и учесници кои не по своја волја, т.е под притисок станале дел од целокупното насилсничко сценарио.

И во првиот и во вториот случај треба да се зборува за нивна потенцијална одговорност и учество во превенцијата на врсничкото насилство.

6. Препознавање на лицата кои се жртва на врсничкото насилство

Препознавањето на жртвите е едно од посебните фокусни подрачја во областа на врсничкото насилство. И покрај тоа што во практиката постои уверување дека препознавањето на жртвите е лесно или сосема едноставно, сепак треба да се истакне дека тоа е исклучително тешко и сензитивно прашање. Со цел да се даде и опише кои се претпоставките за препознавање на жртвите од врсничкото насилство ќе изнесеме неколку типични карактеристики на жртвите: тие се послаби од своите врсници, имаат слаба физичка конституција, се плашат во влегување на игра или игри, видливо се внимателни, чувствителни се, тивки, пасивни, срамежливи, тешко се афирмираат пред другите, недоволно се сигурни, имаат негативен став за себе, често имаат недостаток на самодоверба, не се насилни, не ги предизвикуваат другите и др.

Најчесто во литературата кога станува збор за препознавањето на жртвите од врсничкото насилство се нидат листи на примарни и секундарни знаци преку кои во училиштето може да препознаеме дете кое е жртва на врсничко насилство.

Примарни знаци се:

- Другите деца често ги задеваат на непријатен начин, им даваат навредливи прекари, ги омаловажуваат, потсмеват, заплашуваат, ги понижуваат, кон нив се однесуваат заканувачки, сакаат да ги командуваат и да ги угнетуваат;
- Се смеат на нивна сметка и се однесуваат одбивно кон нив;
- Ги влечат, туркаат, ги притискаат, ги удираат со рацете и нозете (и тие не се во можност да се соочат со нив соодветно);
- Ги вовлекуваат во караници и конфликти и прават тие да се чувствуваат целосно беспомошни и ги доведуваат да мора да побегнат од таа ситуација;

- Им ги земаат, фрлаат и им прават штета на нивни предмети;
- Имаат модринки, рани, исекотини, гребаници или некои други повреди за кои не можат да дадат соодвеетно објаснување.

Секундарни знаци се:

- Често се исклучени од групата на врсници за време на празниците и одморите, изгледаат како да немаат многу добри другари на училиште;
- Се наоѓаат меѓу последните кога треба да бидат избрани за некои меѓусебни игри и натпреварувања;
- За време на одморите се обидуваат да бидат во близина на наставникот (наставниците) или во близина на други возрасни лица;
- Ретко и тешко зборуваат отворено во училницата; постапуваат срамежливо, исплашено и несигурно;
- нивноиот успех на училиште може одеднаш да стане целосно лош.

Жртви на врсничкото насилство може да бидат подеднакво момчиња и девојчиња, без оглед на етничка или социо-економска припадност. Најчесто жртвите се чувствуваат поразлични од групата врсници, но тоа не значи дека децата треба да се поттикнуваат да ги потиснуваат своите лични карактеристики со цел да се прилагодат на групата врсници со што би се избегнал ризикот од врсничко насилство, наречено булинг.

Ефектите од овој вид насилство се видливи во истиот момент кога тоа се случува, но може да има и трајни последици. Најчесто жртвите имаат физички, емотивни и социјални симптоми. Тие може да се апатични, тажни, нервозни, исплашени и слично. Некои од децата социјално се изолираат, пројавуваат агресивно однесување во училиште, имаат намалена самодоверба, одбиваат да посетуваат училиште итн.

Траумите кои децата ги доживеале за време на детството, како жртви на врсничкото насилство се рефлектираат врз нивниот понатамошен психо-социјален развој. Овие деца како возрасни можат да имаат ниска самодоверба, депресивно однесување, психосоматски реакции, итн.

Посебно е важно да се напомене дека постојат одредени тешкотии во процесот на препознавање на жртвите кои можат да се поделат на објективни и субјективни причини и состојби. А, како една група на причини се издвојуваат и се однесуваат на субјективните манифестации на жртвите кои придонесуваат за нивно препознавање. Тоа е забележително кога жртвите (не)намерно ги прикриваат своите знаци или симтоми од врсничкото насилство, кое може да се однесува на нивниот физички или психолошки статус. Скоро секогаш повредата на жртвата која може да биде физичка или психичка има значително влијание врз физичкиот, емотивниот, социјалниот и образовниот статус. Негативните импликации од врсничкото насилство можат да имаат моментални, но и далекусежни последици како резултат на насилството на поединец или група. Тоа зборува дека кога еден млад човек е изложен на насилство, може да има проблеми при градењето како личност, како во психолошката и емоционалната благосостојба, така и при создавањето на сликата за себеси.

7. Поделба на облиците на врсничкото насилство

Кога се имаат предвид облиците низ кои се манифестира врсничкото насилство во литературата и кај авторите постои релативен консенсуз. Во таа смисла врсничкото насилство може да се подели на физичко, психичко и сексуално насилство.



Физичкото насилство е најраспространетиот тип на малтретирање во училиштата. Тоа се случува во различни форми и тоа од едноставно физичко насилство, до појавата на екстремни физички облици на насилство. Физичкото насилство е присутно кога постои директен физички напад врз жртвата, кога некој нанесува или се обидува да му нанесе повреда или непријатност на друго лице. Физичкото насилство може да биде често и подолготрајно и според тоа жртвите може да се соочат со постојани и сериозни последици. Најчесто физичкото насилство е во форма на повредување на детето кое не е случајно, а се манифестира преку (шамарење, покажување тупаници, тепање, тргање за коса, користење разни тврди предмети, врзување, затварање во училишните простории, ...). Тоа може да се забележи и преку наведување на детето да врши активности со висок ризик на опасност по здравјето и безбедноста на детето, дури и тогаш кога при вакви дејствија нема последици за детето. Тоа може да биде сурово и нехумано физичко казнување на детето од страна на ученикот или учениците. Најчести знаци на физичко насилство се: надворешно видливи,

физички повреди (модрици, огреботини, изгореници, и други физички траги по лицето и делови од телото...). Честопати како резултат на стравот кај децата да не се забележат видливите траги од врсничкото насилство тие ги маскираат или интерпретираат на свој начин кој не кореспондира со реалната ситуација во која се наоѓа ученикот.

Психичко (емоционално) насилство



Психичкото насилство е едно од најтешките форми на насилства кои можат да се сретнат во училишната, но и во семејната атмосфера. Тоа претставува помалку видливо насилно однесување при кое се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата. Тоа се манифестира низ различни форми и облици кои можат да се забележат често во училишната практика. Некои од нив се: изолација, изнудување, принудување, навредување, исмевање, заканување, игнорирање, замолчување и друго. Изолацијата или сепарацијата претствува една од забележителните форми на психичко насилство кога група ученици намерно се дистанцираат од социјални и емоционални контакти со други лица, односно ученици. Целта им е во овие постапки жртвата да ја постават во незавидна и потценувачка улога и позиција, односно да остварат некаква цел или корист.

Исто така, исмејувањето или омаловажувањето е форма или чин во која поединец/насилник или поединци/насилници ја деградираат поради нејзините објективни, субјективни, реални или замислени недостатоци кои и се стават на жртвата.

Вербалното навредување, понижување или омаловажување е исто така една психолошка серија на однесувања кои имаат цел да се дестабилизира или наруши психолошкиот интегритет на личноста на детето или ученикот.

Вербални напади можат да бидат: закани, потсмевање, навреди. Како невербални напади се сметаат одредени гримаси, непристојни гестови, намерни исклучувања на некој од друштвото или одбивање да се задоволат желбите на другата личност, т.е жртвата. Според некои истражувања девојките сè почесто се жртви на психичко, отколку на физичко насилство меѓу врсниците. Истото истражување покажува дека и девојчињата најчесто спроведуваат психичко насилство и дека бројот на момчиња изложени на

психичко насилство е еднаков на бројот на малтретирани девојки. Последиците на психолошко насилство се многубројни: губење на самодовербата, деморализација, внатрешна болка, често отсуство од училиште поради психосоматски заболувања и слично.

Сексуално врсничко насилство

Секој вид на насилство најчесто е во завршните години, особено во завршните одделнија во основното образование и секако е типично за средношколското образование. Тоа се манифестира кога насилникот лицето кое вршни насилство ја користи неможноста на жртвата на адекватен начин да одговори на злоупотреба на детето во насока на сексуално задоволство или уживање на возрасните (или друго дете), кои поради нивната супериорност од возраста, развојот или позицијата му дава одговорност, доверба или моќ. Тоа може да се дефинира како секоја сексуална активност (контактна или неконтактна) со детето/ученикот во која се применува сила за наводно постигнување на реалната или замислената цел. Сексуалното насилство е вознемирувачка ситуација во која една индивидуа е предмет на однесување со сексуална конотација, во која жртвата е третирана како сексуален објект. Однесувањето што се смета за сексуално насилство, според најголем број дефиниции, ги исполнува трите услови: тоа е однесување од сексуален карактер кое се манифестира преку вербална или невербална комуникација, како и преку физички контакт; ова е непожелно однесување, наметнато врз жртвата од страна на насилниците; тоа е однесување кое ја вознемирува жртвата и кое прави непријателска, понижувачка или навредлива атмосфера кои имаат непроценливи последици врз општиот развој на детето/ученикот.

8. Последици од врничкото насилство

Анализирајќи ги облиците на насилство кои се случуваат во училиштето од страна на поедини врсници аналогно се наметнува прашањето за негативните последици кои ги остават врз личноста на ученикот или ученичката, односно жртвите. Едно е сигурно, дека без оглед за ков вид на насилство станува збор, тие имаат негативно влијание врз целокупното актуелно или идно однесување и развој на жртвата/жртвите. Последиците во принцип можат да се поделат во однос на тоа кои сфери на личноста се загрозуваат,

односно се најзагрозени. Така можат да појава последици кои се забележуваат во нивното физичко, физиолошко, псхололошко и други начини на функционирање.

Не се ретки последиците да се забележат и во појавата на различни физиолошки реакции како што се: често потење на рацете, забрзана работа на поедини органи и функции, нарушување на метаболичките процеси, енурезата (ноќно мокрење, несакано уринирање и дефекација), пореметување во навиките (удирање со главата, гризење), невообичаени емоционални реакции, фобии, хипохондрија, нарушување на сонот и спиењето, екстремно однесување, разновидни облици на психосоматски нарушувања и други неконтролирани физиолошки реакции кои имаат органска и психолошка основа.

Во физичка смила можат да се забележат и некои атипични однесувања кои го дефинираат нормалниот физички статус на поединецот, односно жртвата. Често во овој контекст се забележува избегнување или промена на одењето и враќањето на детето на вообичаената патека.

Но, како најчести последици не помалку значајни се психолошките последици кои обврзно се дел од репертарот на детското однесување. Тие се: непрекинато плачење, појавата на чуство на страв, небезбедност, губењето на самодоверба, појава на стрес со чувство на вознемиреност, чувство на револтираност, омаловаженост, негативни чувства за себе. Како последици во оваа смисла можат да бидат променети емоционални реакции кон себе и околината со тоа што учениците ја губат или намалуваат способноста за (само)контрола на сопсвените емцоционални реакции, губење или исчезнување на емпатијата, демотивација за социјални и емоционални контакти, површни емоционални врски со околината посебно во училиштето, видливи пороблеми со лицата од спротувниот пол и друго. Како резултат на сè што е претходно кажано, тоа може да придонесе жртвите да се затвораат во себе во пократок или подолг период и после психолошки се враќаат на нормално функционирање. Тие можат да се забележат и во тешкотиите во повторното воспоставување на емоционални и социјални контакти со врсниците како резултат на нивното негативни искуство. Истото тоа може да се случи и со возрасните, односно наставниот и другиот стручен кадар како резултат на недовербата кон нив која е резултат на нивната перцепција.

Во крајна линија можат да се јават сериозни психички нарушувања кои можат да бидат од блага депресија, па се до најтешки прихички нарушувања.

9. Превенција на врничкото насилство

Прашањето за превенција на врсничкото насилство е многу комплексно и слободно може да се претпостави многу неизвесно и тешко за постигнување висок успех. Тоа е резултат на потребата за активна вклчуеност на голем број субјекти и институции. Во принцип превенцијата на врничкото насилство може да се подели на три дела и тоа: примарна, секундарна и терцијарна.

Примарна превенција. Таа се однесува на зголемување на едукативното ниво и тоа како да го прпознаат, како да се заштитат и други облици. Покрај тоа треба на децата да им се помогне да развијат позитивна слика за себе и да развијат самодоверба, како и учење социјални вештини, особено вештините на ненасилно разрешување на конфликти и др.

Секундарна превенција. На пошироко општествено ниво потребно е да се одреди раширеноста и факторите на ризик на насилството во училиштата како и надвор од него и едуцирање на соодветни професионалци во идентификување на факторите на ризик, како и решавањето на насилството во било која форма. Важно е да се развие мрежа на услуги на владини и невладини организации, телефони за помош, веб сајтови на интернет за помош и слично.

Терцијална превенција. Терцијална превенција е кога се врши третман, односно интервенција кај ученик кој предходно бил жртва на насилство. Целта на оваа превенција е да обезбеди психосоцијална помош со што би се спречило повторување на насилство, а и ублажување на последиците од истото.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Појава на истражување

Централна појава која е во фокусот на ова истражување, односно магистерска теза е појавата на врсничко насиство меѓу учениците во средните училишта во охридскиот регион. Нејзината сè позачестена застапеност во училиштата која се манифестира низ различни форми и облици на појавата ѝ дава висок степен на сериозност со кој се соочуваат наставниците, учениците и родителите. Оваа појава остава силни и понекогаш неизбришливи траги, посебно врз учениците кои се жртви на врничкото насилство, во исто време таа го загрозува интегритет на наставниот кадар и училиштето со што тоа станува помалку безбедно место за учење или престојување. Со оглед на суптилниот начин на одвивање на врсничкото насилтво во училиштата, честопати е многу тешко да се определат суштинските основи поради специфичниот начин на однесување на децата и адолесцентите. Бруталните форми на реализација на врсничкото насилство од страна на насилниците уште повеќе ја алармира нашата средина во која треба да се преземат итни и неодложни мерки. Ретките за жал податоци за самоубиства или обиди за самоубиство кај децата и адолесцентите, се резултат на континуираната изложеност на малтретирање од страна на врниците. Таа е показател за некоја состојба или проблем во кој се наоѓаат понекогаш учениците.

2. Проблем на истражување

Основен проблем во истражувањето се сè позачестените појави на врничкото насилство.

3. Вид на истражување

Според општоста на предметот на истражување ова истражување е **развојно**, поради намената на истражувањето кое треба да го испита влијанието на инситуционаните и индивидуалните фактори за појава и развој на врсничкото насилство во средните училишта. *Според временскиот критериум* ова истражување е **трансверзално** бидејќи ќе се реализира во релативно краток временски интервал, во средните училишта во Охрид. *Според*

дисциплинарната припадност ова истражување е мултидисциплинарно, затоа што опфаќа повеќе димензии.

4. Истражувачка парадигма

Во ова истражување парадигмата е квалитативна, го разгледува квалитативниот, но и квантитативниот аспект на појавата, поточно го опишува влијанието на инситуционаните и индивидуалните фактори за појава и развој на врсничкото насилство во средните училишта. Со тоа на проблемот му се дава повисок степен на објективизираност, а добиените сознанија ќе може да се користат во други слични ситуации. Меѓутоа, квантитативните аспекти кои посебно доаѓаат до израз во обработката на добиените податоци нема да ја поседуваат највисоката репрезентативност со оглед на ограниченоста на примерокот тие индицираат одредни состојби.

5. Истражувачки дизајн

Истражувачкиот дизајн е дескриптивен, затоа што ова истражување е насочено кон опишување, односно утврдување на влијанието на инситуционаните и индивидуалните фактори за појава и развој на врсничкото насилство во средните училишта.

6. Варијабли во истражувањето

Независни варијабли: Пол, возраст,

Зависни варијабли: Врсничкото насилство

Индикатори:

Интензитет и застапеност на појавата на врсничко насилство според проценките на наставниците, учениците и родителите.

7. Хипотези на истражувањето

Општа хипотеза:

Институционалните и персоналните-индивидуалните фактори имаат исклучително влијание врз појава и развој на врсничкото насилство во училиштата

Посебна хипитеза 1: Училишната организација има исклучително значење за појава и развој на врсничкото насилство.

Поединечни хипотези:

1. Врсничкото насилство е присутно во нашето училиштето
2. Врсничкото насилство е резултат на толеранцијата во училиштето
3. Училишната организација е значајна за појава на врсничко насилство
4. Треба да се иновира системот на педагошки мерки за (не)дисциплина
5. Насилството треба да се санкционира ригорозно

Посебна хипитеза 2:

1. Семејството има исклучително значење за појавата и развој на врсничкото насилство.
2. Семејството има најголема улога за појава на насилството кај децата
3. Насилниците немаат доволна контрола од страна на семејството
4. Дисфункционалното семејство е можна причина за насилството
5. Врсничко насилство е резултат на дисхармнонично семејството

Посебна хипитеза 3:

Личните особини и карактеристики имаат силно влијание врз појавата и развој на врсничкото насилство.

1. Личните особини се значајни за практикување на насилство
2. Кај насилниците постои отсуство на емпатија
3. Виновници за врсничкото насилство се и жртвите
4. Цел на врсничкото насилство се мирните ученици

Посебна хипотеза 4

Наставниците имаат огромно влијание врз појавата, но и врз превенцијата на врсничкото насилство.

1. Наставниците имаат претолерантен однос кон насилниците
2. Наставниците имаа нееднаков однос кон насилството и насилниците
3. Непреземањето на педагошки мерки го стимулира насилството

Примерок на истражување:

Примерокот го сочинуваат 250 учесници, 100 наставници, 50 родители и 100 ученици од средните училишта во охридскиот регион. Примерокот на училиштата го сочинуваат ОСУ „Климент Охридски", СОУ „Ванчо Питошевски" и СОУ „Наум Охридски"- Охрид.

8. Методи, постапки и инструменти на истражување

Методи:

- *Дескриптивен метод,* со кој се опишува појавата и нејзините карактеристики;
- *Каузален метод,* со кој се испитува причинско-последичната поврзаност помеѓу основите на истражувањето ;
- *Аналитичко-синтетички метод,* чија цел е да се согледа поврзаноста на појавата со варијабилите низ аналитичко-синтетичка призма.

Постапки:

Анкета: За прибирање на податоците ќе биде користена анкета со која се утврдува влијанието на појавата и развој на врсничкото насилство во средните училишта.

Инструменти:

- Специјално конструиран прашалник за утврдување на влијанието на факторите за појава и развој на врсничкото насилство.

Прашалникот има 22 прашања кои се однесуваат на перцепцијата за врничкото насилство од страна на наставниците, учениците и родителите. Формулацијата на прашањата овозможува да се идентификува колку училиштето, наставниците, семејството и индивидуалните особини имаат можност да го стимулираат врсничкото насилство. Во прашалникот се поставени и две прашања од отворен тип во кои од испитаниците се бара да ги рангираат факторите за појава на врсничкото насилство како и да ги претстават своите предлози и размилсувања во однос на превенција на овој сериозен проблем.

9. Етика во истражувањето

Етичката димензија на ова истражување е строго запазена, со задржување на правото на анонимност на секој испитеник. Со објавување на резултатите, не се врши индивидуално етикетирање, туку од добиените резултати, заклучоците се генерализираат.

10.Обработка на податоците во истражувањето

Податоците во ова истражување ќе бидат обработени статистички, со користење на компјутерска програма преку: СПСС програма, скенирање, групирање, табелирање, кодирање на податоците, дескриптивна обработка, односно со примена на софтверски пакет, наменет за обработка на податоците. Истите ќе бидат соодветно презентирани.

Очекувани резултати:

- поголема актуелизација и значење на проблематиката
- проблемот со врсничкото насилство треба да биде високо на приоритетите на општествена и институционална грижа на релевантните институции и субјекти
- интересот за асоцијалните облици на однесување не треба да биде резултат на еднократен интерес
- неопходна рана детекција на иницијалните облици на асоцијално поведение кај учениците.

- ефикасната превенција на врсничкото насилство треба да биде резултат на интензивна интерперсонална комуникација на сите субјекти кои се надлежни за превенција на овој проблем.
- подигнување на едукативното ниво на наставниот и стручниот и наставниот кадар за ефикасна превенција на врсничкото насилство
- унапредување и иновирање на системот на педагошките мерки во превенцијата на врсничкото насилство

Приказ и интерпретација на резултатите

Приказот и интерпретацијата на резултатите во трудот ќе биде претставен според поставените тврдења и ќе соодветствува на хипотетската рамка.

Табела 1. Врничкото насилство е присутно во нашето училиште

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	24	9,6	9,6	9,6
	Не се согласувам	25	10,0	10,0	19,6
	Делумно се согласувам	37	14,8	14,8	34,4
	Се согласувам	89	35,6	35,6	70,0
	Целосно се согласувам	30,0	30,0	30,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Од прегледот во Табела 1, се забележува дека постои согласност во однос на тврдењето дека врсничкото насилство е присутно во училиштата. Резултатите покажуваат дека се согласуваат 35,6%, а додека целосно се согласуваат 30% со тврдењето дека насилството постои во училиштата. Високиот процент од 65,6% на позитивно тврдење за присуство на врничкото насилство е доказ за неговото присуство и распространетост.

Табела 2. Сум бил цел на врничко насилство					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	45	18,0	18,0	18,0
	Не се согласувам	45	18,0	18,0	36,0
	Делумно се согласувам	69	27,6	27,6	63,6
	Се согласувам	61	24,4	24,4	88,0
	Целосно се согласувам	30	12,0	12,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табела 2 се однесува на одговорите на испитаниците кои се однесуваат на соодносот на присутвото помеѓу физичкото и психичкото насилство. Може да се забележи дека најмногу од испитаниците (35, 6%) делумно се согласуваат со тврдењето дека повеќе е присутно физичкото насилство во училиштата. Идентичен е бројот на оние кои воопшто не се согласуваат или делумно не се согласуваат (31,2%), и се согласуваат односно целосно се согласуваат (33,2%) од испитанциите. Тоа значи дека одговорите на испитаниците гравитираат кон делумна согласност со ова тврдење.

Табела 3. Позастапено е психичкото насилство врз учениците					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	30	12,0	12,0	12,0
	Не се согласувам	30	12,0	12,0	24,0
	Делумно се согласувам	45	18,0	18,0	42,0
	Се согласувам	80	32,0	32,0	74,0
	Целосно се согласувам	65	26,0	26,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табела 3, се однесува на одговорите на испитаниците кои се однесуваат на соодносот на присутвото помеѓу физичкото и психичкото насилство. Може да се забележи дека најмногу од испитаниците (35, 6%) делумно се согласуваат со тврдењето дека повеќе е присутно физичкото насилство во училиштата. Идентичен е бројот на оние кои воопшто не се согласуваат или делумно не се согласуваат (31,2%), и се согласуваат односно целосно се согласуваат 33,2% од испитанциите. Тоа значи дека одговорите на испитаниците гравитираат кон делумна согласност со ова тврдење.

Табела 4. Цел на врсничко насилство се мирните ученици					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	41	16,4	16,4	16,4
	Не се согласувам	39	15,6	15,6	32,0
	Делумно се согласувам	67	26,8	26,8	58,8
	Се согласувам	62	24,8	24,8	83,6
	Целосно се согласувам	41	16,4	16,4	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табела 4, ги илустрира одговорите на испитаниците кои се однесуваат на категоријата на ученици кон која најмногу е насочено насилството. Забележително е дека испитаниците не се согласуваат, односно делумно се согласуваат со тврдењето дека цел на врсничкото насилство се мирните ученици и тоа 26,8% од нив. Со ова тврдење се согласуваат 24,8% и целосно се согласуваат 16,4%. Вкупниот процент на позитивна согласност во однос на прашањето е 40, 12%.

Табела 5. Присутно е повеќе физичкото насилство врз учениците					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	30	12,0	12,0	12,0
	Не се согласувам	48	19,2	19,2	31,2
	Делумно се согласувам	89	35,6	35,6	66,8
	Се согласувам	51	20,4	20,4	87,2
	Целосно се согласувам	32	12,8	12,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табела 5, се однесува на одговорите на испитаниците кои се однесуваат на соодносот на присутвото помеѓу физичкото и психичкото насилство. Може да се забележи дека најмногу од испитаниците (35,6%) делумно се согласуваат со тврдењето дека повеќе е присутно физичкото наислство во училиштата. Идентичен е бројот на оние кои воопшто не се согласуваат или делумно не се согласуваат (31,2%), и се согласуваат, односно целосно се согласуваат 33,2% од испитанциите. Тоа значи дека одговорите на испитаниците гравитираат кон делумна согласност со ова тврдење.

Табела 6. Виновници за врсничкото насилство се и жртвите					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	37	14,8	14,8	14,8
	Не се согласувам	80	32,0	32,0	46,8
	Делумно се согласувам	75	30,0	30,0	76,8
	Се согласувам	33	13,2	13,2	90,0
	Целосно се согласувам	25	10,0	10,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табела 6, се однесува на хиерархијата на одговорност на субјектите кои се директно или индиретно вклучени во врсничкото насилство. Несоглаувањето со тврдењето дека виновници за врсничкото насилство се и жртвите може да се илуструра преку следните нумерички индикации и тоа: делумно се согласуваат со тоа 30,0 %, не се согласуваат 32, 0 % и воопшто не се согласуваат 14,8%. Вкупниот процент од 76,8% укажува дека постои високо несогласување кога се има предвид тврдењето дека и жртвите се виновни за врсничкото насилство.

Табела 7. Врничкото насилство е резултат на толеранција во училиштето					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	11	4,4	4,4	4,4
	Не се согласувам	18	7,2	7,2	11,6
	Делумно се согласувам	51	20,4	20,4	32,0
	Се согласувам	88	35,2	35,2	67,2
	Целосно се согласувам	82	32,8	32,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табела 7, се однесува на одговорите на испитаниците кои се однесуваат на односот на училиштето кон толеранцијата на врсничкото насилство. Евидентна е согласноста кај испитаниците во однос на тврдењето за толеранцијата на училиштето на врсничкото насилство. Од резултатите може да се забележи дека од вкупно 250 испитанции 82 или 32,8% целосно се согласуваат дека училиштето е толерантно кон различните видови на насилство, а 88 или 35, 2% од испитаниците се согласуваат со овој став. Високиот степен на согласност од 68% дека училиштето е навистина толерантно зборува за односот на училиштето кон овој сè позачестен проблем.

Табела 8. Училиштето треба да биде поригорозно кон насилниците во училиштето					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	13	5,2	5,2	5,2
	Не се согласувам	26	10,4	10,4	15,6
	Делумно се согласувам	44	17,6	17,6	33,2
	Се согласувам	75	30,0	30,0	63,2
	Целосно се согласувам	92	36,8	36,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Од табела 8, која се однесува на тоа како треба да се однесува училиштето кон врсничкото насилство се забележува дека испитаниците сметаат дека училиштето треба да биде поригорозно кон насилството, целосно се согласуваат 92 или 36,8%, а се согласуваат вкупно 75 или 30% од испитаниците со ова тврдење. Делумно се согласуваат со ова тврдење 44 или 17,6%. Вкупната тенденција на согласување со ова тврдење изнесуваа 210 испитаници или 84,1% што говори за висока индикатовност дека училиштето не е доволно ригирозно кога станува збор за санкционирање на насилството и насилниците во училиштето.

Табела 9. Наставниците имаат нееднаков однос кон насилството и насилниците

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	33	13,2	13,2	13,2
	Не се согласувам	46	18,4	18,4	31,6
	Делумно се согласувам	61	24,4	24,4	56,0
	Се согласувам	58	23,2	23,2	79,2
	Целосно се согласувам	52	20,8	20,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Со цел да се испита односот на настваниците кон врсничкото насилство беше поставено прашањето, односно беше наведено тврдењето дека наставниците имаат нееднаков однос кон насилството и насилниците. Табеларниот преглед, во однос на ова мислење укажува дека 171 од испитаниците или 68,1% сметаат дека навистина имаат нееднаков однос кон насилството и насилниците. Сообносот на структурата на согласувањето кај испитанциите е следен: целосно се согласуваат 52 или 20,8%, се согласуваат 58 или 23,2% и делумно се сгласуваат 24,4%. Високиот процент на согласување говори за тоа дека е потребна промена на односот на наставниците кон насилството во училиштето.

Табела 10. Училишната организација е значајна за појава на врсничкото насилство					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	23	9,2	9,2	9,2
	Не се согласувам	25	10,0	10,0	19,2
	Делумно се согласувам	37	14,8	14,8	34,0
	Се согласувам	80	32,0	32,0	66,0
	Целосно се согласувам	85	34,0	34,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табеларниот приказ број 10 се однесува на значењето на училишната организација за појава на врсничкото насилство. Од прегледот се воочува дека со огромната значајност на училишната организација целосно се согласуваат 85 испитаници, или 34,0%, се согласуваат 80 или 32,0% и делумно се согласуваат 37 или 14,8% од испитаниците. Вкупниот однос од 202 или 80,8% од испитаниците имаат високо ниво на согласност со тврдењето дека училишната организација има голма улога за појава на врсничкото насилство.

Табела 11. Наставниците имаат претполерантен однос кон насилсниците					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	20	8,0	8,0	8,0
	Не се согласувам	29	11,6	11,6	19,6
	Делумно се согласувам	61	24,4	24,4	44,0
	Се согласувам	78	31,2	31,2	75,2
	Целосно се согласувам	62	24,8	24,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Од табелата број 11 може да се види дека најголем дел 78 или 31,2% од испитаниците се согласуваат со нашата констатација дека наставниците имаат претолерантен однос кон насилниците. Со ова тврдење целосно се согласуваат 62 или 24,8% од испитаниците, а 61 или 24,4% од испитаниците делумно се согласуваат со претолерантниот однос на наставнциите кон насилството. Со ова тврдење воопшто не се согласуваат 20 или 8,0% и не се согласуваат 29 или 11,6% што укажува на висок степен на толеранција на наставнците кога станува збор за насилството.

Табела 12. Непреземањето на педагошките мерки го стимулира насилството

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	36	14,4	14,4	14,4
	Не се согласувам	30	12,0	12,0	26,4
	Делумно се согласувам	45	18,0	18,0	44,4
	Се согласувам	84	33,6	33,6	78,0
	Целосно се согласувам	55	22,0	22,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Од табела 12, која се однесува на ставот дека непреземањето на педагошки мерки го стимулира насилството, начелно, може да се забележи дека постои поделеност во однос на ова тврдење кога станува збор за нивната екстремно позитивна и негативна тенденција. Кон границите на позитивната тенденција кон овој став се забележуваат 139 испитаници или 57,8% од испитаниците, и ориентацијата кон негативната тенценција е 66 или 28,4% од испитанците. Евидентно во оваа табела е делумната согласност со ова тврдење која изнесува 45 или 18% од испитаниците.

Табела 13. Семејството има најголема улога за појава на врсничкото насилство кај децата					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	28	11,2	11,2	11,2
	Не се согласувам	38	15,2	15,2	26,4
	Делумно се согласувам	35	14,0	14,0	40,4
	Се согласувам	89	35,6	35,6	76,0
	Целосно се согласувам	60	24,0	24,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табеларниот приказ број 13, се однесува на значењето на семејството за појава на врсничкото насилство. Од прегледот се воочува дека со огромната значајност на семејството се согласуваат 89 испитаници, или 35,6%, целосно се согласуваат 60 или 24,0% и делумно се согласуваат 35 или 14% од испитаниците. Вкупниот однос од 184 или 73,6 % од испитаниците имаат високо ниво на согласност со тврдењето дека семејството има голема улога за појава на врсничкото насилство кај децата

Табела 14. Насилниците немаат доволна контрола од страна на семејството					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	25	10,0	10,0	10,0
	Не се согласувам	29	11,6	11,6	21,6
	Делумно се согласувам	26	10,4	10,4	32,0
	Се согласувам	93	37,2	37,2	69,2
	Целосно се согласувам	77	30,8	30,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Со цел да се испита мислењето на испитаниците дали насилниците имаат доволна контрола во семејството беше поставено тврдењето насилниците немаат доволна контрола од страна на семејството. Од табела 14 во однос на ова тврдење може да се забележи дека целосно се согласуваат 77 или 30, 8% од испитанциите, а се согласуваат 93 или 37,2%. Тенденцијата кон позитиванат согласнот со ова тврдење кумулативно изнесува 170 или 38% од испитанциите. Овој висок процен го илустрира значењето на семејството за појавата и развој на насилството, посебно кон врсничкото насилство.

Табела 15. Дисфункционалното семејство е можна причина за насилството					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	20	8,0	8,0	8,0
	Не се согласувам	33	13,2	13,2	21,2
	Делумно се согласувам	31	12,4	12,4	33,6
	Се согласувам	78	31,2	31,2	64,8
	Целосно се согласувам	88	35,2	35,2	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Следното тврдење е во контекст со предходното и се однесува на тоа дали дисфункционалнот семејство е можна причина за појава на врсничкто насилство, а основна цел беше повторно да се испита перцепцијата на испитанциите во однос на значењето на семејството. Од табела 15, во однос на ова тврдење може да се забележи дека 166 или 66,4% од испитанциите се согласуваат дека дисфункционалните семејства се потенцијална причина за појава на врничко насилство. Многу мал процент и тоа од 21% сметаат дека тоа не е точно односно воопшто или не се согласуваат со оваа констатација.

Табела 16. Врничкото насилството е резултат на дисхармнично семејство					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	38	15,2	15,2	15,2
	Не се согласувам	22	8,8	8,8	24,0
	Делумно се согласувам	40	16,0	16,0	40,0
	Се согласувам	91	36,4	36,4	76,4
	Целосно се согласувам	59	23,6	23,6	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табеларниот преглед број 16, ја претствува сликата на семејната динамика и одговара на прашањето дали дисхармоничното семејство може да биде повод и причина за врсничко насилство. Евидентен е високиот број на испитанци 91 или 36,4 кои се согласуваат и 59 или 23,6% кои целосно се согласуваат со ова тврдење. Оваа позитивна наклонетост на испитанциите кон ова тврдење зборува за тоа дека дисхармоничното семејство е идеална подлога за појава на врсничко насилство во училиштата.

Табела 17. Личните особини на сторителите на насилство се значајни за практикување на насилството					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	43	17,2	17,2	17,2
	Не се согласувам	45	18,0	18,0	35,2
	Делумно се согласувам	37	14,8	14,8	50,0
	Се согласувам	60	24,0	24,0	74,0
	Целосно се согласувам	65	26,0	26,0	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Од табелата 17, која го репрезентира мислењето на ипитанциите во однос на значењето на личните особини на строрителите на врсничко насилство може да се констатира дека 125 или 50% од испитаниците цврсто веруваат дека личните особини на сторителите се значајни за започнување, односно практикување на врничко насилство во училиштата. Тоа укажува дека организацијата на личните особини учествуваат со висок степен на веројатноста за појава на врсничкото насилство.

Табела 18. Кај насилниците отсуствува емпатијата					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	29	11,6	11,6	11,6
	Не се согласувам	35	14,0	14,0	25,6
	Делумно се согласувам	47	18,8	18,8	44,4
	Се согласувам	70	28,0	28,0	72,4
	Целосно се согласувам	69	27,6	27,6	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Со цел да се испита мислењето на испитаниците за степенот на емпатија кој го поседуваат насилниците беше поставено тврдењето дека кај насилниците отсуствува емпатијата. Табела 18, укажува дека на 55% од испитанциите сметаат дека насилниците не поседуваат емпатија. Делумно се сложуваат со ова тврдење 47 или 18,8% од испитаниците. Овој факт укажува на потребата од развој на емоционалните компетенции и емоционалната интелигенција кај насилниците.

Табела 19. Насилството треба да биде санкционирано поригорозно					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	17	6,8	6,8	6,8
	Не се согласувам	20	8,0	8,0	14,8
	Делумно се согласувам	37	14,8	14,8	29,6
	Се согласувам	75	30,0	30,0	59,6
	Целосно се согласувам	101	40,4	40,4	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табеларниот приказ број 19, се однесува на мислењето на испитаниците за степенот на ригорозноста на врсничкото насилство. Најголемоот дел од испитаниците 176 односно 70,04 сметаат дека врсничкото насилство треба да се санкционира поригорозно што значи да биде помала толеранцијата на училиштата и наставниците. Само 37 или 14,8% од испитаниците со ова тврдење делумно се согласуваат.

Табела 20. Треба да се иновира системот на педагошки мерки на дисциплина					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Воопшто не се согласувам	21	8,4	8,4	8,4
	Не се согласувам	38	15,2	15,2	23,6
	Делумно се согласувам	24	9,6	9,6	33,2
	Се согласувам	95	38,0	38,0	71,2
	Целосно се согласувам	72	28,8	28,8	100,0
	Вкупно	250	100,0	100,0	

Табеларниот преглед број 20, ја претствува потребата од иновирање на системот на педагошки мерки кои треба да се преземаат кон сторителите на врсничкот насилство. Со потребат од промена на овој систем целосно сесогласуваат 71 или 28,8% од испитаниците, се согласуваат 95 или 38% од испитаниците или вкупен однос на позитивна тенденција изнесува 167 или 64,8%. Мал е вкупниот процент на испитаници 59 или 23,6 кои сметаат дека нема потреба за таква законска или педагошка интервенција.

Табела 21. За појавата на врсничкото насилство најодговорни се:					
		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Семејство	101	40,4	40,4	40,4
	Училиште	60	24,0	24,0	64,4
	Ученици	34	13,6	13,6	78,0
	Сите	55	22,0	22,0	100,0
	вкупно	250	100,0	100,0	

Од фреквенцијата на одговорите претставени во табелата 21 може да се забележи дека најголемиот степен на одговорност кога станува збор за агенсите на социјализација се однесува на семејството, односно 101 или 40,4% од испитаниците сметаа дека тоа е најмногу одговорно за појавата на врсничкото насилство. Потоа следува според значајноста училиштето со 60 или 24% од испитанциите и самите ученици со 34 или 13,6%. Но, треба да се истакне и мислењето на испитанците дека и сите три фактори се значајни, тоа го мислат 55 или 22% од испитаниците.

Наведените резултати и нивната интерпретација уште еднаш го потврдуваат фактот дека проблемот на врсничкото насилство е присутен, сè поинтензивен и се воочуваат неговите далекусежни последици.

1. Модел на психолошки интервенции во врсничкото насилство
(Преку реализација на програми за превенија на врсничкото насилство)

Општа цел: Идентификација на состојбите во однос на различните аспекти на врсничкото насилство и изградување систем на мерки и активности кои се насочени кон негова превенција.

Посебни цели:

- Утврдување на интензитетот на појава на разновидните облици на врсничкото насилство
- Зачувување и унапредување на менталното здравје на младите
- Афирмација на значењето на проблематиката за заштита на менталното здравје
- Утврдување на основните мотивациски механизми кои го стимулираат врсничкото насилство

1.2 Потреби од реализација на проектот - обуката

- **Општествени:** Изградување на интерперсонални односи кои се резултат на висока општетсвена морална свест во која поединецот е на врвот во општетсвеното живеење.
- **Инситуционални:** Подобрување на институционалното функционирање во процесот на ефикасна превенција и решавање на разновидни конфликти според постојните законски институционални норми.
- **Индивидуални:** Развој на индивидуалното чувство на физичка безбедност како и унапредување и зачувување на менталното здравје на младите.

Фокусни групи 1: раководен кадар, наставен кадар, стручни соработници, други лица

Фокусна група2: ученици од основно и средно образование

Реализатор/и (институции): Педагошката служба во Министерството за образование и наука, Педагошки факултет-Битола, меѓународни и национални **експерти** од областа на психологија на комуникацијата, развојни и други проблеми кај учениците, конфликти,

разрешување на конфликти, превенција на насилството, психолошки и педагошки интервенции за различни проблематични ситуации и други области.

Целна група:

Раководен кадар, воспитувачи, наставници, високошколски наставници, стручни соработници (психолози, педагози, социолози, дефектолози, социјални работници, и др.) во основновните и средношколските образовни институции.

Цел на обуката:

Подбрување на компетенциите на учесниците во обуката во процесот на превенција на врсничкото насилство, откривање, работа и поддршка на развојот на надареноста кај надарените и талентираните, како и креирање на ефикасни инситутуционални решенија и примена на позитивни практики кои се дел од современите европски образовни институции.

Специфични цели:

- Дефинирање на процедури за заштита на жртвите (учениците) на насилство,
- Препознавање на раните знаци на врсничко насилство,
- Дефинирање на процедури за процесуирање на заштита од врсничкото насилство,
- Преземање на индивидуална одговорност за извршените насилни активности,
- Создавање на клима на толеранција, разбирање и заемна почит,
- Вклучување на сите релевантни фактори во превенција и решавање на врсничкото насилство,
- Вклучување на родителите (на децата сторители на насилство и жртвите на насилство),
- Изградување кодекс на однесување на сите субјекти во инситуционалните рамки.

Реализација на обуката: Обуката ќе биде еднодневна и ќе се реализира во 5 модули од по 60 минути (од 9.00 до 12.00 и од 13.00 до 15:00 часот).

Во реализација на обуката ќе се користат Паверпоинт (PowerPoint) презентации како и други современи методско-дидактички елементи. Посебен акцент е ставен на

размена на практични искуства помеѓу учесниците и модераторите на сесиите. Во реализацијата се вклучени и адекватни евалвациони, самоевалвациони и други инструменти за дијагностицирање на ефектите и квалитетот на реализираните процедури.

Групата за обука се однесува на 20 учесници (дополнително утврдување на локацијата).

Цената за обуката: е ??? (настава, подготвени материјали за обука, вежби, работилници, патни трошоци на реализаторите, надомест за реализација на сесиите, **сертификати за завршена обука,** и други дидактички средства).

2. Фази во реализација на обуката

Прва фаза: Селекција и избор на училишта со актуелни и потенцијални облици на врснички насилства.

Втора фаза: Реализација на теоретски и практичен дел на обуката (симулација на примери).

Трета фаза: Имплементација на теоретските и практичните искуства од обуката во училиштата на училишниот тим за превенција на училишното насилство.

Четврта фаза: Евалуација на активностите во тимот и училиштето во процесот на превенција на врсничкото насилство.

3. Програми за превенција на врсничкото насилство

Прва група: Програмата опфаќа спектар на активности кои се насочени кон учење за вредности на децата, знаења и вештини кои го спречуваат насилното однесување.

Втора група: Програмата е насочена кон училиштето и подразбира информација за насилствата и потенцијалните служби во училиштето, реогранизација на поедини училишни сегменти, обезбедување на атрактивни програми, превентивни мерки и третман за административниот персонал и друго (Gašić-Pavišić, 2004).

Програма за превеција на врсничкото насилство (примери)

1. **Програма за превененција на врсничкото насилство** Олвеус (Olweus, 1999), нејзина теориска основа е развојниот модел на однесување и теорија на модификација на однесувањето (Stevens, Bourdeaudhuij и други, 2000).
2. **Програма за превенција на врсничкот насилство на** Голдштајн и Глик (Goldstein i Glick, 1987; Goldstein, 1992).
3. **Програма за превенција на врсничкот насилство на Смит** (Smith, 2004. според Katrhyn, Kostas, i Christopher, 2006)

Наслов на темата	**Модули**	**работилница вежби**	**Забелешка**
Дефинирање на основните поими	1	Теоретска елаборација	
Рана превенција на врсничкото насилство	2	Симулација пр. 1.	
Ефикасни модели на решавање на импликациите од врсничкото насилство	3	Симулација на пример 1.	
Советодавно-тераписки пристап во примарната, секундарната и терцијарната превенција	4	Симулација на пример 1.	
Психолошки интервенции во различни кризни ситуации	5	Симулација на пример 1.	
Индивидуална програма за работа со учениците (извршители на насилство)	6	Симулација на пример 1.	
Индивидуална програма за работа со учениците (жртви на насилство)	7	Симулација на пример 1.	
Модели на работа со родителите (еднодимензионален, дводимензионален, тродимензионален)	8	Симулација на пример 1.	

План на реализацијана темите*

Реализаторите дополнително се одредуваат со оглед на времето на нивно ангажирање

Кон овој програмски модел за превенција на врсничкото насилство ќе ги наведеме сугестиите на познатиот автор Попадиќ кои се однесуваат на проектите за превенција на насилството во училиштата. Тие се Интервентни мерки и Превентивни мерки кои се однсуваат на: дефинирање на правила на однесување, реализација на превентивни програми, развивање на социјални вештини кај учениците, развивање на емпатија, решавање на најразлични социјалн проблеми, реализација на програми за редукција на емоционалната тензија, контрола на негативните емоционални реакции и друго. За таа цел е неопходно континуиран систем на едукација на сите субјекти во училишните организации.

Заклучок

Прегледот на заклучните констатации е направен врз основа на резултатите од истражувачките прашања, односно од табеларните прегледни и нивните статистички индикатори. Во таа смисла како резултат на емпириските истражувања дојдовме до многу важни констатации, и тоа дека:

- има висока согласност кај испитаниците дека врсничко насилство е застапено во училиштата.
- испитаниците се согласуваат дека во училиштата е застапено и физичко и психичко насилство, но одредена предност му даваат на постоењето на физичкото насилство помеѓу учениците.
- цел на врсничкото насилство се помирните ученици, а жртвите не се виновни за врничкото насилство;
- Училишната организација е многу значајна за појава и манифестација на врничкото насилство, таа треба поригорозно да се однесува кон насилството, односно кон насилниците, а не да покажува висока толеранција кон насилниците и насилството. Наставниците имаат претолерантен однос кон врничкото насилство, а преголемата толеранција и непреземањето на педагошки мерки го стимулира врсничкто насилство.
- Насилниицте немаат доволна контрола од семејството, бидејќи живеат во дисфункционални и дисхармонични семејства, кое е најчеста причина за појава на врничкото насилство. Исто така дека и личниот склоп на особини на насилниците игра огромна улога во (не) извршување на насилство, забележано е дека кај насилниците постои низок степен на емпатија.
- Констатиравме дека постои потреба од промена, односно иновирање на системот на педагошки мерки во врска со врсничкото насилство.
- И дојдовме до показателот дека семејството е со највисок степен на одговорност за појава и развој на врсничкото насилство.

Наведените заклучни констатации даваат реална слика за состојбите во училишните институции, но во исто време и сигнализираат за насоките за преземање итни законски, кадровски, педагошки, организациски и други мерки. Веруваме дека овие сигнали на испитанциите ќе предизвикаат силен интерес кај релевантните субјекти и организации кои

треба да придонесат за превенција на врсничкото насилство во училиштата. Тоа ќе придонесе да се развие и подобри квалитетот на институционалнот функционирање како и степенот на квалитет на интерперсонални односи помеѓу учениците и другите субјекти во воспитно-образовната практика.

Општи се и чести констатациите во многу научни дебати, медиумски оценки дека врсничкото насилство постојано не изненадува со фрапантни слики, сцени и инсерти во кои експлицитно се забележува насилството на едни врз други. Ова е вовед и во овој магистерски труд во кој теоретската елаборација како и емпириските резултати индицираат и ја потврдуваат предходната констатација која се однесува на видот, интензитетот, импликациите и реперкусиите на врсничкото насилство. Ако тргнеме од анализата на поставената хипотетска рамка ќе констатираме дека училишната организација има исклучително значење за појава и развој на врсничкото насилство. Како пример за тоа може да се наведе фактот дека недоволната ефикасност на училишните организации во превенцијата на врсничкото насилство зборува за тоа дека во нив отсуствуваат систем на мерки кои се насочени кон поставената цел. Недоволното и ненавременото санкционирање на почетните облици на врсничко насилно однесување ја зголемува можноста тоа да се јави во различно време и форми. Од тие причини уште во хипотетската рамка е поставено тврдењето за потребата од иновирање на педагошките мерки за (не)дисциплина кои се однесуваат на учениците. Заклучните констатации кои се однесуваат на улогата на семејството одат во прилог на поставента хипотеза дека семејството има исклучително значење за појавата и развој на врсничкото насилство. Во оваа насока треба повторно да се афирмираат општоприфатените ставови дека насилниците немаат доволна контрола од страна на семејството, дисфункционалното семејство е можна причина за насилството и тоа дека врсничко насилство е резултат на дисхармнонично семејство. Со тоа се потврдува поставената хипотеза дека дисхармоничките и дисфункционалните семејства се основа од каде се појавуваат најчесто насилсниците. Претходното не наведува на констатацијата дека е неопходно да се зачува кохезивноста помеѓу членовите на семејството, со посебен респект кон семејните норми и традиција. Составен дел на оваа заклучна проценка се однесува на личните особини и карактеристики на учениците кои имаат силно влијание врз појава и развој на врсничкото насилство. Отсуството на емпатија на сторителите на насилство е очекувана индикација за негова појава, но голем дел од тврдењата во однос на улогата на жртвите е тоа што тие се во исто време и виновници за стимулирање на врсничкото насилство со нивниот однос.

Наставниците имаат огромно влијание врз појавата, но и врз превенцијата на врсничкото насилство. Аргументи за тоа се секако што наставниот кадар има претолерантен однос кон насилниците, имаат нееднаков однос кон насилството и насилниците, како и непреземањето на педагошки мерки го стимулира насилството. На крајот, ќе ги наведеме сугестиите и препораките кои не очекуваат посебно од најрелевантните институции, организации, органи и поединци:

Очекувани резултати од ова истражување:

- поголема актуелизација и значење на проблематиката
- проблемот со врсничкот насилство треба да биде високо на приоритетите на општествена и институционална грижа на релевантните институции и субјекти
- интересот за асоцијалните облици на однесување не треба да биде резултат на еднократен интерес
- неопходна рана детекција на иницијалните облици на асоцијално поведение кај учениците.
- ефикасната превенција на врсничкото насилство треба да биде резултат на интензивна интерперсонална комуникација на сите субјекти кои се надлежни за превенција на овој проблем.
- подигнување на едукативното ниво на наставниот и стручниот и наставниот кадар за ефикасна превенција на врсничкото насилство
- унапредување и иновирање на системот на педагошките мерки во превенцијата на врсничкото насилство

За реализација на овие цели и очекувања сме одговорни сите ние, почнувајќи, од семејствата, т.е двајцата родители и останатите членови во него, потоа образовниот систем почнувајќи од воспитувачите во градинките, па до наставниот кадар и педагошко-психолошките служби во образовните институции на основното и средното образование.

Младата личност поминува низ сите тие институционални станици од каде треба да излезе здрава и социјализирана единка, за да се вклучи во широкиот колектив на општественото живеење.

Коритена литература:

Aronson, E., Wilson, T.D., & Akert, R.M. (2002). Social psychology. NJ: Prentice Hall, Upper Saddle River

Арнаудовски, Љ, (2007). Криминлогија, 2-ри Август-С, Скопје

Babovid, M. (2016) Gender Aspects of Life Course in Serbia Seen trhough MICS Data, UNICEF, Belgrade.

Baldry, C. A. (2003). Bullin in Schools and expourse to domestic violence, Child Abuse Neglest, 27, 713-732) .

Babovid, M. (2015) Teorijski i istraživački pristupi u proučavanju strukturnog, kulturnog i direktnog nasilja, Sociologija, Vol. 57, br. 2: 331-352.

Babovid, M. (2010) Rodne ekonomske nejednakosti u komparativnoj perspektivi, ISIFF, SeConS, Beograd Blagojevid Hjuson, M. (2013) Rodni Barometar u Srbiji, UN Women, Beograd.

Beck, R.C. (2003). Motivacija – Teorija i naela. Naklada Slap, Jastrebarsko Bierman, Smoot i Aumiller, 1993

Bornewasser, M., Mummendey, A., Linneweber, V., & Loschper, G. (1982). Aggressive behavior as social interaction. School Psychology International, 3, 157–160

Cvejid, S. (ur.) (2010) Suž v t a r r a a. Građan Srb j pr d a v a „tran c j g na đa“, ISIFF, Čigoja, Beograd. altung Johan (1969). „Violence, Peace, and Peace Research', Journal of Peace Research, Vol. 6, No. 3, pp: 167–191.

Glumbić, N., Žunić Pavlović, V. (2008). Bullying in preschools. Education, 63 (2), 205-212.

Љупчо Кеверески, Л., (2018). Децата жртви на физичко, психичко и други форми на насилство. Насилството во подем! (Здравство+Мк,) (google/nasilstvo)

Matkovid, , Mijatovid, B, Petrovid, M. (2010) Ut caj r na trž št radn nag ž v tn tandard u Srbiji, CLDS, Beograd.

Mijatovic, B. (ur.) (2008). R r u Srb j : d t gnuda a v . CLDS, Beograd. Petrovid, I. i V. Backovid (2013) Rasprostranjenost i činioci patrijarhalne i autoritarne vrednosne orijentacije u Srbiji u periodu 1989-2012 u prir.

Mitrovic, Lj. i dr. Tradicija, modernizacija, identiteti: Dijalog kultura i partnerstvo civilizacija na Balkanu, Niš: Filozofski fakultet, Centar za sociološka istraživanja.

Nedimović, T. (2013). Children's recognition of certain forms of bullying as violent interactions. Pedagogical reality, 59 (1), 151-163.

Nedimović, T., Biro, M. (2011). Risk factors for the occurrence of bullying in elementary schools. Applied Psychology, 3, 229-244.

Nedimovic, T. (2012). Agresivnost I vrsnicko nasilje, Visoka skola strukovnih studija za obrazovabje vaspitaca, Mihailo Palov-Vrsac

Nedimović, T., Biro, M. (2013). Who are the victims of bullying? Proceedings of the Institute for Educational Research, 45 (1), 150-168.

Ninković, S. (2011). The teacher's role in the prevention of violence in schools. Pedagogical reality, 57 (1-2), 83-94.

Pešid, J. (2009): „Patrijarhalnost na zapadnom balkanu. komparativna analiza vrednosnih orijentacija u A. Milid (ur) Porodice u Srbiji danas, ISI FF, Beograd. UNICEF in Serbia, SeConS, Zurich University of Teacher Education,

Popadic, D., (2009). Nasilje u skolama, Institut za psihologija, Beograd

UNICEF Office of Research— Innocenti (2016a) D t r nant a t r na ja pr a d c : v štaj na n vu pr g da literature, Beograd.

UNICEF in Serbia, SeConS, Zurich University of Teacher Education, UNICEF Office of Research— Innocenti (2016b) D t r nant a t r na ja pr a d c : v štaj na n vu ap ranja intervencija, Beograd.

SIPRU (2016) Indeks rodne ravnopravnosti 2016. Merenje rodnih nejednakosti u Srbiji 2014. dostupno na http://eige.europa.eu/about-eige/documents-registry/gender-equality-index-2016-measuring-genderequality-serbia-2014

UNICEF Office for Research – Innocenti (2015) Step-by-Step Guide to Conducting Preliminary Research around what Drives Violence. UNICEF, Konvencija o pravima deteta, https://www.unicef.org/ceecis/CRC_Serbian_2014.pdf Nasilje prema deci u Srbiji: determinante, faktori i intervencije - Nacionalni R3P izveštaj 43 Vlada Srbije (2008) Nac na na trat g ja a pr v nc ju ašt tu d c d na ja, Službeni glasnik RS, br. 122/2008. WHO (2002) World report on violence and health: Summary, Geneva.

Зоран, Сулејманов, З., (2000), Македонска Криминологија, Графохартија, Скопје,

Žužul, M. (1989). Agresivno ponašanje – Psihologijska analiza. Radna zajednica Republike konferencije Saveza socijalistike omladine Hrvatske, Zagreb

Vujaklija, M., (1980). Leksikon stranih reci I izraza, Prosveta, Beograd, 1980, стр. 9

ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Прашалник за утврдување на факторите за појава и развој на врсничкото насилството (ПУВРНА)-(прашалник за учениците)

Прашалник за утврдување на факторите за појава и развој на врсничкото насилството (ПУВРНА)-(прашалник за учениците)

Пол *м ж* ***Школска година:*** ***Место на живеење. град*** ***село*** **Институција:** *гимназија - техничко - угостителско или.....*

Тврдење	*Проценка*				
1. Врсничкото насилство е присутно во нашето училиштето	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
2. Сум бил цел на врсничко насилство	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
3. Позастапено е психичкото насилство кон учениците	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
4. Цел на врсничкото насилство се мирните ученици	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
5. Присутно е повеќе физичко насилство врз учениците	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
6. Виновници за врсничкото насилство се и жртвите	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
7. Врсничкото насилство е резултат на толеранцијата во училиштето	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
8. Училиштето треба да биде поригорозно кон насилниците во училиштето	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
9. Наставниците имаат нееднаков однос кон насилството и насилниците	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*

10. Училишната организација е значајна за појава на врсничко насилство	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
11. Наставниците имаат претолерантен однос кон насилниците	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
12. Непреземањето на педагошки мерки го стимулира насилството	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
13. Семејството има најголема улога за појава на насилството кај децата	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
14. Насилниците немаат доволна контрола од страна на семејството	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
15. Дисфункционалното семејство е можна причина за насилството	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
16. Врсничко насилство е резултат на дисхармонично семејството	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
17. Личните особини се значајни за практикување на насилство	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
18. Кај насилниците постои отсуство на емпатија	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
19. Насилството треба да се санкционира ригорозно	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
20. Треба да се иновира системот на педагошки мерки за (не)дисциплина	*1*	*2*	*3*	*4*	*5*
21. За појавата на насилството најодговорнии се 1. Семејство 2. Училиште 3. Учениците 4. сите					
22. Наведете ваше размислување во врска со проблемот:					

Почитувани: На поставените прашања одговарајте така како што најчесто размислувате. Вашите размислувања означете ги според следните насоки: **1 воопшто не се согласувам, 2 не се согласувам, 3 делумно се согласувам, 4 се согласувам, 5 целосно се согласувам**

Ви благодарам на соработката